

ГЛАСИЛО НА НАЦИОНАЛНИОТ СОЈУЗ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА
МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

НАЦИОНАЛЕН СОЈУЗ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА
МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

# ФЕНИКС

86

## XVII Музички средби на лица со телесен инвалидитет

## XVII Републички квиз натпревар на лица со телесен инвалидитет

## Посета на Сојуз на параплегичари на Словенија

БРОЈ 71, НОЕМВРИ 2011
www.stilm.com.mk
e-mail: stilm@stilm.com.mk








PARAPLEGIKOV


# ФЕНИКС 86

## ГЛАСИЛО НА НАЦИОНАЛНИОТ СОЈУЗ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

***Издавач:***
***МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА***

***Уредувачки одбор:***
***Главен и одговорен уредник:***
*Митко Фидановски*

***Одговорни уредници:***
Бранимир Јовановски
Нико Јанков
Митко Фидановски

***Издавачки совет:***
Нико Јанков
Бранимир Јовановски
Штерјо Николов
Стеван Ангелески
Буран Бала
Лилјана Матеничарска
Велибор Јакимовски
Васил Томов
Дејан Ѓорѓиевски
Венко Голабоски
Ефтимчо Атанасовски

***Лектор:***
Ангелина Николовска

***Адреса:***
Национален сојуз на
лица со телесен инвалидитет
Мобилност Македонија
Ул. „11 Октомври“ бр. 42/а – Скопје
Тел: (02) 3 211 280

***Жиро сметка:***
300000000106445
Комерцијална Банка

Печатено во 1200 примероци
Излегува тримесечно
Бр. 71, ноември 2011
Со решение бр. 01-483/2 од
16.05.1994 год. весникот
„Феникс 86“ е запишан
во регистарот на весниците

***Дизајн и компјутерска подготовка***
Далибор Јовановски

***Печат:***
„Југореклам Дизајн“ – Скопје

Весникот е бесплатен.

СОДРЖИНА

ЗБОР НА УРЕДНИКОТ 2
ОДРЖАНА ЧЕТВРТАТА СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА 3
УЧЕСТВО НА ТРКАЛЕЗНА МАСА ОРГАНИЗИРАНА ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА 6
СРЕДБА СО ПРАТЕНИКОТ АНТОНИО МИЛОШОВСКИ 7
СРЕДБА СО МИНИСТЕРОТ ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ, МИЛЕ ЈАНАКИЕСКИ 7
СРЕДБА СО МИНИСТЕРОТ ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, СПИРО РИСТОВСКИ 8
ЖИВОТ СО СКЛЕРОЗА МУЛТИПЛЕКС – РЕХАБИЛИТАЦИЈА – 9
ОДРЖАНО 17. ИЗДАНИЕ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КВИЗ-НАТПРЕВАР 12
ОДРЖАНИ 17. „МУЗИЧКИ СРЕДБИ“ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА 14
ПРАВОТО НА ПОМОШ И НЕГА ОД ДРУГО ЛИЦЕ ВО ПРАКТИКА 16
ОД АКТИВНОСТИТЕ „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ 18
ИЗЛЕТ НА ЧЛЕНОВИ НА „МОБИЛНОСТ СТРУМИЦА“ 18
ИЗЛЕТ ВО ПЕЛЕНИЦА НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ 19
УСПЕШНО ОРГАНИЗИРАНА 14. „ТОРТИЈАДА“ 20
ВО ПОСЕТА НА СОЈУЗОТ НА ПАРАПЛЕГИЧАРИ НА СЛОВЕНИЈА 22
„МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ УЧЕСНИЦИ НА МАНИФЕСТАЦИИ ВО СРБИЈА 27
ПРЕКУГРАНИЧНА ОБРАЗОВНА МРЕЖА ЗА ДЕЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ 29
УЧЕСНИЦИТЕ НА СВЕТСКОТО ПРВЕНСТВО ВО Е-СПОРТ ДОБИЈА ЛАПТОПИ 30
ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПОПУСТ ПРИ РЕГИСТРАЦИЈА НА ВОЗИЛА ЗА ЧЛЕНОВИТЕ НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ 30
БЕСПЛАТНО ПЛИВАЊЕ ВО СЦ „БОРИС ТРАЈКОВСКИ“ 31
ДОКТОРОТ ВИ ОДГОВАРА 31
ПОРНОГРАФИЈА 32
ИНТЕРВЈУ СО СОТИР ЈОНОВСКИ, МУЗИЧАР 34
ОД АКТИВНОСТА НА НФСРИМ-МПК 36
ОДРЖАНО 23-ТО ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО ШАХ ЗА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ 38
ОДРЖАНО ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО АТЛЕТИКА 2011 ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА НФСРИМ-МПК 39
ОДРЖАНО ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО ПИНГ-ПОНГ 2011 ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА НФСРИМ-МПК 41
СКУТЕРИ ЗА ИНВАЛИДИ – ГОЛЕМА ПОМОШ ПРИ ДВИЖЕЊЕТО 43
ЗАБАВНА СТРАНИЦА 43
ПОДГОТВЕТЕ СЕ ПРЕД ИНВАЗИЈАТА ОД НАСТИНКИ И ГРИПОВИ 46
НАГРАДНА ИГРА 47



# Збор на уредникот

Дваесет и пет години постои Сојузот на лицата со телесен инвалидитет на Македонија „Мобилност Македонија". Дваесет и пет години исполнети со макотрпна работа на сите, а пред сè на поголема група ентузијасти, кои заедно со другите организации на лицата со инвалидност и претставници во врвното тело – Националното координативно тело за еднакви права на лицата со инвалидност при Владата на Република Македонија се борат за вистинското место и реалното етаблирање на сите во животниот и сеопшт простор во Република Македонија. Сведоци сме сите дека полека но сигурно се деградира повеќегодишното залагање и реалните резултати на поединци и организации за општото добро и реалното место кое законски ни припаѓа. Болно е кога некој ќе ги присвои придобивките на оние што работеа со денови и години. Болно е кога сопствениот труд е присвоен од друг кој не мрднал ниту со малото прсте. Станува неподнослива реалноста на непочитувањето на мислењето на најзасегнатите на кои законот им дава право. Во системот на вредности се изместени, да не речам тотално, праведноста и вистината.

Време е да се чуе гласот на повеќеилјадната армија на лицата со инвалидност дека им е доста да бидат лажно претставувани од медиокритети. Тие кои немаат ниту членство, ниту совест и не знаат, односно не сакаат да го чујат ниту нашиот глас, ниту на тие кои божем ги претставуваат, а да не споменуваме за гласот на совеста. Доста од лажни претставници! Доста од медиокритети! На виделина вистината! Стоп за маргинализацијата! Напред за вистинските вредности! Така, драги мои читатели, ја продолжуваме упорно и макотрпно праведната борба за реализација на нашите програмски и статутарни определби. Сега сите заедно сплотени во вистински момент, момент на вистината!

Прим. д-р *Нико Јанков*

Од работата на органите и телата на „Мобилност Македонија“

# ОДРЖАНА ЧЕТВРТАТА СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА „МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА“

Управниот одбор на Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија „Мобилност Македонија“ на 14.10.2011 година, во просториите во ДХО „Даре Џамбаз“ во Скопје, ја одржа својата четврта редовна седница.

На седницата присуствуваа следните членови на Управниот одбор: Бранимир Јовановски, Дејан Ѓорѓиевски, Ефтимчо Атанасовски, Васил Томов, Буран Бала, Венко Голабоски, д-р Нико Јанков, Велибор Јаќимовски и Штејро Николов, потоа претставници на здруженија кои немаат член во Управниот одбор: Касели Рамиз, Дејан Атанасовски, Ангел Јаневски и Бобан Јорданоски.

Присутните членови едногласно ја прифатија информацијата на претседателот за преземените активности меѓу двете седници на Управниот одбор, а кои се однесуваа на:

–извештај за спроведениот 17-ти Републички квиз-натпревар во Струмица, на кој првите три места ги освоија екипите на: „Мобилност Скопје I“, „Мобилност Скопје II“ и на „Мобилност Охрид“;

–извештај за спроведените 17-ти „Музички средби“ на лицата со телесен инвалидитет на Македонија, поддржани од Министерството за култура, на кои првото место им припадна на дуетот Митко Фидановски и Томче Најдовски од Битола, второто на Влатко Најдоски од Прилеп и третото на Илија Стојаноски од Прилеп;

–извештај за официјалната посета на Сојузот на параплегичари на Словенија во периодот од 20.9.2011 до 24.9.2011 година во чиј состав покрај претседателот на „Мобилност Македонија“, Бранимир Јовановски, учествуваа претседателот на „Мобилност Скопје“, Дејан Ѓорѓиевски, претседателот на разгранокот за параплегија при „Мобилност Скопје“, Ристо Фотевски, како и членовите на разгранокот за параплегија при „Мобилност Скопје“, Трајче Стојановски и Игор Божиновски;



–извештај од учеството на генералниот секретар на „Мобилност Македонија“, Софка Прчева, на тркалезна маса организирана од страна на Министерството за труд и социјална политика, со која непосредно раководел министерот за труд и социјална политика, Спиро Ристовски, а на која за одредени прашања дебатирале претставници на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, Националниот сојуз на глуви и наглуви на Македонија, Националниот сојуз на слепи на Македонија, Сојузот за грижи и воспитување на децата на Македонија, Сојузот на синдикати на Македонија, Организација на работодавци на Ма-



кедонија и Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија „Мобилност Македонија“.

Во натамошниот тек на седницата од присутните претставници на Управниот одбор едногласно беа донесени следните одлуки:

–за изработка на посебен софтвер за евиденција на членовите преку кој мошне бргу и едноставно ќе може да се филтрираат барани информации за структурата на членството;

–за учество на нашите членови Томислав Попов и Трајко Славевски од Скопје на Светско првенство во електронски спортови во Кореја, како и за покривање на нивните трошоци за визирање на патните исправи и за зајакната исхрана (другите трошоци во врска со патувањето и со сместувањето ги добивме како донација од организаторот);

–за доделување еднократна донација во нето-износ од 10.000,00 денари за итно и неопходно лекување на член на потесно семејство на Имер Бедри, вработен во службата на НСИОМ во која „Мобилност Македонија“ е редовна членка;

–се одобри барањето на „Мобилност Тетово“ за организација на национален турнир во табла за лица со телесен инвалидитет на кој ќе учествуваат екипи од сите здруженија, членки на „Мобилност Македонија“. За оваа цел ќе им се префрли сума по одлука за организација на тематски работилници;

–да се исплатат сите законски надоместоци за заминувањето во пензија на нашиот работник Персида Пренцова од Велес, во согласност со Законот за работните односи и Одлуката за исплата на надоместоци при заминување во пензија донесена од Владата на Република Македонија;

–да се направи корекција и да се зголеми масата на средства за исплата на месечна плата на работникот Тодорка Трампова од Гевгелија во износ од 140,00 денари месечно сметајќи од 1.7.2011 година поради разлика во процентот за минат труд од денот на поднесувањето на барањето;

–да се додели едно канцелариско биро и две столици, сопственост на „Мобилност Македонија“ (кои не ги користи а се во одлична состаојба) во трајно владеење на „Мобилност Прилеп“. Тие се наоѓаат во ДХО „Даре Џамбаз“ во Скопје, а „Мобилност Прилеп“ треба да си го обезбеди превозот;

–да се набават 200 литри нафта за потребите од загревање на просториите на „Мобилност Велес“ за грејната сезона 2011/2012 година. Исто така, да се исплатува надомест за волонтери во „Мобилност Велес“ во висина по одлука на „Мобилност Македонија“ сметајќи од 1.9.2011 година бидејќи од тој датум редовно вработеното лице заминало во пензија;

–одбележувањето на 4 декември – Денот на лицата со телесен инвалидитет на Македонија да го организира „Мобилност Охрид“ со планирање на соодветна програма во која, меѓу другото, ќе биде вклучен говорот на претседателот на „Мобилност Македонија“ по повод одбележувањето на 25 години од формирањето и успешното работење на „Мобилност Македонија“, како и термин потребен за одржување на литературните средби на лицата со телесен инвалидитет на Македонија;

–со еден глас против (од Ефтимчо Атанасовски) се донесе одлука новата веб-страница на „Мобилност Македонија“ да ја изработи, одржува и ажурира фирмата за мултимедија и маркетинг „Стамбол Компани“

од Велес со седиште во Скопје која даде најповолна понуда;

–на „Мобилност Битола“ се одобри сума од 15.000,00 денари за набавка на канцелариски материјал за канцеларијата во Ресен кој бил уништен за време на присилното преселување од една во друга канцеларија;

–начинот на финансирање на организациите да не се менува до моментот кога ќе се создадат поволни услови во однос на зголемување на масата на средства што ја определува Министерството за труд и социјална политика;

–на следна седница да се стави посебна точка на дневниот ред на која ќе се разгледаат можноста и потребите за зачленувањето на „Мобилност Македонија“ во меѓународни организации;

–усвоени беа Предлог-програмата за работа на „Мобилност Македонија“ за 2012 година и Предлог-



финансискиот план на потребни средства за спроведување на Програмата за 2012 година. Тие веднаш ќе се достават до службата на НСИОМ заради подготвување на збирна програма од националните инвалидски организации која ќе биде доставена до Министерството за труд и социјална политика на разгледување, оценување и префрлување на потребни средства за нејзина реализација;

–одбиено беше барањето на „Мобилност Тетово“ за доделување компјутер, а се донесе одлука „Мобилност Македонија“ да се обрати до можни донатори пред кои ќе ја искаже вкупната потреба од компјутери за непречено функционирање на „Мобилност Македонија“ и на здружените членки, и по евентуално добиената донација, компјутерите ќе се поделат на здруженијата;



–да се испрати допис до надлежниот ресор при Министерството за труд и социјална политика за извршената промена на називот на „Мобилност Македонија“ и на здружените членки, со барање да ни се издадат нови решенија за инвалидски организации на здружените членки и ново решение за Национална инвалидска организација на „Мобилност Македонија“ во кои ќе бидат впишани новите називи согласно со решенијата за пререгистрација од Централниот регистар;

–здруженијата до канцеларијата на „Мобилност Македонија“, во електронска верзија, да достават пречистен текст на возила на свои членови кои во согласност со Законот за јавен сообраќај се ослободени од плаќање патарина најдоцна до 1.12.2011 година заради изработка на единствен список кој до 10.12.2011 година треба се достави до Агенцијата за државни патишта на Република Македонија, заради изработка на налепници (вињети) за 2012 година;

–„Мобилност Македонија“ ќе учествува со 50% од потребниот износ за регистрација и тековно одржување на комби-возилото „фијат дукато“ (зелен картон, промена на масло, гуми...), додека евентуалните дефекти и оштетувања на возилото се на товар на „Мобилност Скопје“, здружението кое стопанисува со возилото.

–објектите за рехабилитација во Охрид можат да се користат и вонсезона доколку членовите или, пак, членовите на нивните потесни семејства имаат оправдани причини за тоа, а по претходен договор со претседателот и со генералниот секретар на „Мобилност Македонија“;

–Договорот за издавање на дуќанот кој е даден на управување на „Мобилност Скопје“ да гласи од 1.11.2011 година со траење од една година.

*Б. Јовановски*



# УЧЕСТВО НА ТРКАЛЕЗНА МАСА ОРГАНИЗИРАНА ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

На 21.9.2011 година во дебатната сала на Владата на Република Македонија, по повод 20 години од независноста на Република Македонија, а во рамките на утврдената програма „Септември – месец на независноста“, Министерството за труд и социјална политика организира тркалезна маса на тема „Македонија, 20 години достоинствен живот за сите“.

На тркалезната маса заедно со министерот за труд и социјална политика, Спиро Ристовски, дебатираа претставници на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, Националниот сојуз на глуви и наглуви на Македонија, Националниот сојуз на слепи на Македонија, Сојузот за грижи и воспитување на децата на Македонија, Сојузот на синдикати на Македонија, Организација на работодавци на Македонија и Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија „Мобилност Македонија“.

На тркалезната маса, министерот ги поздрави присутните и им најави дека вакви заеднички средби со цел унапредување на заедничката соработка ќе има неколкупати во текот на годината, што не значи дека вратите на Министерството во меѓувреме ќе останат затворени. Министерот предложи сите од присутните накратко да се претставаат и да презентираат одреден проблем или прашање кој е приоритетен и актуелен за решавање во нивната организација.

Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија „Мобиолност Македонија“ на оваа тркалезна маса го претставуваше генералниот секретар Софка Прчева. По претставување на сојузот, генералниот секретар го постави прашањето кое е и најчесто поставувано прашање во овој период од страна на членовите на „Мобилност Македонија“: на кој начин ќе се утврдува правото на додаток за мобилност, кој согласно со член 84-а од Законот за социјалната заштита изнесува 7000 денари (ќе се исплатува од 1.7.2012) и во согласност со Законот го добиваат лица со 26-годишна возраст и со 100% телесен инвалидитет...

Министерот Спиро Ристовски одговори дека ова право ќе го утврдува стручен орган – комисија во општинските центри за социјална работа и дека се работи на формирање на истите.

*С. Прчева*

# Средба со пратеникот Антонио Милошоски



На 17.10.2011 година делегација на Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија „Мобилност Македонија“ во состав Бранимир Јовановски, претседател, Софка Прчева, генерален секретар и Миле Дејаноски, член од „Мобилност Кичево“, во просториите на Собранието на Република Македонија се сретна со пратеникот и доскорашен министер за надворешни работи, Антонио Милошоски.

Средбата помина во пријатна атмосфера и запознавање на пратеникот Милошоски со потребите и правата на лицата со телесен инвалидитет за изедначување на можностите со останатата популација во Република Македонија, со проблемите со кои се соочуваат во секојдневнот живот и бариерите во опкружувањето кои се присутни во сите сфери започнувајќи од образование, вработување, здравствена заштита и рехабилитација, ортопедски помагала, па сè до културно-забавни и спортски настани, како и со активностите што ги презема „Мобилност Македонија“ за разрешување и подобрување на оваа состојба.

По долгиот разговор што го водевме во неговата кацеларија во Собранието, пратеникот Антонио Милошоски истакна дека ќе стори се што е во негова можност да помогне во реализацијата на правата на лицата со телесен инвалидитет, а како прв и конкретен чекор ќе се обиде да ни помогне во остварување на средби со одредени министри до кои имаме доставено барање за прием со конкретни теми на разговор.

*Б. Јовановски*

# Средба со министерот за транспорт и врски, Миле Јанакиески



На 18.10.2011 година Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија „Мобилност Македонија“ испрати барање до министерот за транспорт и врски, Миле Јанакиевски, за прием во врска со решавање на одредени прашања од интерес на лицата со телесен инвалидитет во Македонија. Во барањето најнапред го запознавме министерот дека „Мобилност Македонија“ е национална инвалидска организација преку која организирано и институционално своите права ги остваруваат околу 7.000 доброволно зачленети лица со телесен инвалидитет од дијагнозите: параплегија, детска парализа, церебрална парализа, дистрофија, мултиплекс склероза, ампутации и други нервно мускуларни заболувања.

Неодамна излезе информација за малиот процент на искористеност на поволноста за патување на лицата со телесна инвалидност во внатрешниот превоз на патници. Во согласност со член 33 од Законот за превоз во патниот сообраќај на лица со телесен инвалидитет со процент од 100% и нивни придружници им е овозможено користење на право на шест бесплатни повратни патувања во внатрешниот превоз на патници, на трошок на превозникот, меѓутоа, во практика има пречки за реализација на истото, бидејќи пред сè и над сè во Република Македонија нема ниту адаптирани автобуси за превоз на патици во инвалидска количка, ниту, пак, платформи за непречен влез и адаптирани вагони во железничкиот сообраќај. Поради тоа чувствуваме потреба да му ја

објасниме практично неможноста за користење на тоа право од овие наши членови и да изнајдеме можности за поголема примена на правото, како и можност за намалување на долната граница на минимум потребен процент на инвалидност за користење на оваа бенефиција.

Исто така, имаме намера да го запознаеме министерот дека голем дел од нашите членови се возачи со Б-категорија, меѓутоа, не можат да ги обележат своите автомобили со посебен знак (меѓународниот знак за лица со инвалидност во кружна форма со стилизирано лице во количка во бела боја на сина подлога) бидејќи нашиот Сојуз нема право да печати такви налепници (забрането и казниво со закон), а согласно со Законот за безбедност во сообраќај во член 20, став 3 стои дека посебниот знак го изработува правно лице овластено од министерот за транспорт и врски.

Трета тема на која имаме намера да разговараме при средбата е барање за адаптирање на најмалку една плажа во Охрид за непречено влегување на лицата со телесен инвалидитет во езерото. „Мобилност Македонија“ за користење на право на рехабилитација за своите членови во Охрид има набавено 12 приспособени објекти во кои лицата со телесна инвалидност можат самостојно или со мала помош да престојуваат и да го користат ова право. Меѓутоа, голема пречка е немање рампа за влез во езерото со инвалидска количка на барем една плажа во Охрид со адаптирани тоалети и туш-кабина, по урнекот на плажи адаптирани за пристап на лица со телесна инвалидност низ светот.

Се надеваме дека министерот ќе одвои дел од неговото ценето време и ќе не прими на работен состанок.

*Б. Јовановски*

# Средба со министерот за труд и социјална политика, Спиро Ристовски



На 20.10.2011 година во доцните вечерни часови делегација на Националниот совет на инвалидски организации на Македонија составена од сите претседатели на седумте инвалидски организации здружени во НСИОМ оствари средба со министерот за труд и социјална политика, Спиро Ристовски, во просториите на министерството.

Во името на делегацијата, претседателот на „Мобилност Македонија“, Бранимир Јовановски, имаше чест да ја презентира состојбата во која се наоѓа НСИОМ од финансиска гледна точка и проблемот кој сè повеќе ги притиска националните инвалидски организации и самиот совет во реализирањето на зацртаните програмски задачи и тековно одржување на работниот простор на седумте организации и нивните 137 здружени членки во услови на недоволно финансирање. Подоцна во дискусијата се вклучија и други присутни и на крај министерот побара од нас да изготвиме посебен преглед на потребите на организациите за зголемен износ на финансирање за да може издржано да го брани барањето на состанок на Владата на Република Македонија.

Во натамошната дискусија беше искажано нашето залагање за што поскорешна ратификација на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со инвалидност и на Опцискиот протокол за истата, за што добивме силно уверување од министерот дека во најскоро време се очекува нејзината ратификација. Република Македонија е единствена држава во опкружувањето која ја нема ратификувано Конвенцијата и Опцискиот протокол, а националните инвалидски организации веднаш од нејзиното потпишување во март 2007 година и наваму перманентно преземаат активности за нејзина ратификација преку организирање тркалезни маси, како и спроведување на бројни кампањи на локално и на државно ниво.

Третата работа за која стана збор на средбата со министерот е примената на девизата „Ништо за нас, без нас“ во практика. Имено, во досегашната практика претставниците на инвалидските организации воопшто не биле консултирани во ниедна фаза од подготовки и усвојување на законски одредби кои се однесуваат на лицата со инвалидност. Претседателот на „Мобилност Македонија“ го замоли министерот во иднина при изготвување на која било законска регулатива од областа на вработувањето и социјалата да консултира наш претставник уште во првата фаза на подготовка на работниот текст на законите и правилниците. Министерот истакна дека тоа му е практика во работењето и дека планира преземање на такви активности и вклучување на претставници на НСИОМ во фазите на подготовка на законските решенија кои се однесуваат на лицата со инвалидност.

*Б. Јовановски*

# ЖИВОТ СО СКЛЕРОЗА МУЛТИПЛЕКС – РЕХАБИЛИТАЦИЈА –

На 17.9.2011 година во ресторанот „Ваго“ во Штип со почеток во 10.30 часот се одржа тематска работилница на тема „Живот со склероза мултиплека или мултипла склероза“ на која беа поканети и присуствуваа претседателот и генералниот секретар на „Мобилност Македонија“, како и претставници од сите здруженијата на „Мобилност Македонија“. Поздравен говор одржа претседателот на „Мобилност Штип“, Штерјо Николов, а презентер на темата беше примариус д-р Даница Фичорска.

Таа во кратки црти се задржа за болеста склероза мултиплекс, а со помош на видеобим ја презентираше рехабилитацијата.

Склероза мултиплекс е едно од почестите невролошки заболувања кое ги напаѓа скоро сите делови од централниот нервен систем. Во светот има повеќе од два милиона заболени. Кај нас, во Македонија, се регистрирани околу шестотини. Распространетоста на болеста варира од половите кон екваторот. Постојат подрачја со голема зачестеност, како што е Шведска, а сосема мала или никаква во тропските предели.

Да се живее со склероза мултиплекс е предизвик, како за болните, така и за блиските, невролозите, физијатрите и физиотерапевтите. Повеќето луѓе со склероза мултиплекс живеат нормално. Тоа им успева на тој начин што најдобро ги искористуваат сите можности на нормално живеење и лекување. Тие остануваат активни без оглед на намалените телесни способности.

Склероза мултиплекс се совладува на тој начин што не се дозволува да биде пречка во животот и секојдневните активности. Рехабилитацијата е важен елемент во барањето начин да се избегне влијанието од предизвиканиот хендикеп. Рехабилитација подразбира разни видови активности и работа која се остварува дома и во центрите за рехабилитација.





Целта е болниот да биде што повеќе телесно активен и во случај на физички тешкотии да знае како да ги употреби средствата за помош при движење, сам да се облекува, сам да врши тоалета и успешно да ги извршува професионалните задачи.

Особено е значајна обновувачката рехабилитација. Со неа се настојува да се обноват изгубените функции и истите да се подобрат. Најчесто се преземаат мерки за зајакнување на преостанатата незафатена мускулатура. Се настојува болниот да се научи со какви техники може да се приспособи на намалените функции. Рехабилитацијата е особено корисна за време на закрепнувањето по нападот на болеста. Таа е значајна не само за одржување туку и за превентива и за зголемување на кондицијата. Особено може да биде од корист за зачувување на функциите и тогаш кога здравствената состојба се влошува. Таа им помага на сите болни од склероза мултиплекс без оглед на пројавените знаци на болеста. Тие што имаат благи или незабележливи симптоми, ги учи и помага да се здобијат со добро физичко чувство и самодоверба.

Кај раните симптоми на склероза мултиплекс, со рехабилитација можат да се стекнат позитивни искуства кои подоцна поволно можат да се искористат ако се појават поизразени знаци на болеста. Рехабилитацијата мора да се насочува кон тоа пациентот што подобро да ги искористи своите можности. Таа треба да стане дел од животот. Нејзината најважна задача е да го научи пациентот како сам да си помогне и како сам да влијае на својата болест, како лично за него, така и на неговото семејство.

Рехабилитацијата започнува врз индивидуална проценка затоа што пациент со склероза мултиплекс е посебен. Вежбите не можат да ја променат болеста, но придонесуваат за зачувување на подвижноста и ги спречуваат компликациите од подолга неактивност. Редовната гимнастичка програма има како психичко така и физичко влијание. Вежбата треба да е дел од секојдневјето на пациентот, но доколку болниот не е во состојба да вежба или не е расположен или, пак, не се чувствува добро или е уморен тогаш може да се прескокне, но тоа да биде исклучиво само тогаш кога е неопходно. Најважно од сè е што пациентот нема чувство дека се препушта на болеста, туку е активен во борбата со неа. Многу од пациентите отворено разговараат за своите тегоби, стравови, неизвесност, додека еден дел бегаат од вистината длабоко криејќи ја во себе тагата, болката, стравот од околината, страв од мислењето на другите луѓе, страв од губење на работата, непозната иднина.

Хронична болест каква што е склероза мултиплекс предизвикува посебен проблем со карактер на стрес. Се зголемува потребата од дополнително разбирање особено од тимот за рехабилитација за променливото расположение на пациентот, промена на карактерот, потреба да се биде во центарот на вниманието. Понекогаш е присутна и депресија, еуфорија и нереална перцепција за своите можности.

Покрај тимот за рехабилитација, посебно разбирање и помош е потребно од семејството, пријателите, децата, колегите. Фамилијата судрена со хронично



заболување на член од семејството минува низ истите стресови, стравови, неизвеснот што води до промена на семејните односи и приспособување на новонастанатата ситуација. Потребно е, секако, време на приспособување кое е различно кај разни семејства. Кај семејства кај кои и пред болеста постоела грижа, љубов и топлина многу бргу се приспособуваат и фактички му помагаат на својот близок. Додека кај семејства кои ја игнорираат болеста и за неа не сакаат да разговараат тогаш постои опасност за болниот и за неговото соодветно лекување. Во секој случај семејствата врват низ многу мрачен период, но е потребно да се охрабрат, да го поттикнат болниот да биде активен во рамките на своите можности, да биде издржлив во рехабилитацијата, вежбите, домашните активности и што подолго да остане на работното место.

Со работна терапија се насочува пациентот како полесно да совлада одредени активности на работа или дома. Покрај физичките вежби треба да се сугерира на пациентот да живее понормално, односно да најде време за релаксација, хоби, дружење и за одмор, а мислите секогаш позитивно да му бидат насочени. Му се советува на пациентот да разговара со луѓе слични на себе со кои ќе може да размене и мислења и сугестии, да се едуцираат, или, пак, преку Интернет да комуницира и со непознати соговорници, да се стекне со нови информации, искуства, начин на исхрана, разни методи на лечење.

Во случај на замор, кој секогаш е присутен но со различен интензитет, му се сугерира на пациентот **„штедење на енергија“**, односно да се работи само тоа што е неопходно, потешките работи да се остават за наутро кога организмот е повеќе одморен. Потребно е пациентот да си најде душевен мир, да се приклони кон бога, кон верата, кон некое хоби, јога, медитација, членување во хуманитарни организации, пеење во хор и др. Пожелно е пациентот да има дневен распоред во кој покрај активностите од секојдневјето да се даде доволно простор за вежби кои треба да станат секојдневен ритуал, време за релаксација, време за хоби, разговор со пријателите, со семејството. Позитивното видување на нештата, да се биде флексибилен и толерантен и да се сфати дека и другите имаат свои грижи, љубовта кон блиските, вербата во себе, упорноста даваат секојпат позитивни резултати.

По завршувањето на презентацијата имаше многу интересни прашања и коментари, на кои секако примариус д-р Даница Фичорска со задоволство им одговараше.

*Елица Тр̄иковска*



# ОДРЖАНО 17. ИЗДАНИЕ НА РЕПУБЛИЧКИОТ

Од 1.10.2011 до 2.10.2011 година во хотелот „Цар Самуил“ во с. Банско, Струмица, се одржа 17. издание на Републичкиот квиз-натпревар за лицата со телесен инвалидитет на Македонија, во организација на Националниот сојузот на телесно инвалидизираните лица на Македонија „Мобилност Македонија“. Во техничкиот дел околу изнајмување на натпреварувачките пултови и миксета за озвучување имавме традиционална поддршка од претставниците на „Народна техника“ од Струмица.

Седумнаесет екипи од 16 општински и меѓуопштински здруженија два дена ги одмеруваа силите за да го освојат епитетот на најуспешни квизации од редот на лицата со телесна инвалидност на Македонија за 2011 година. Годинава единствено екипата од „Мобилност Струга“ не учествуваше на натпреварот.

Како и минатата година, тестирањата за состав на екипите беа извршени во канцелариите на здруженијата откако сите на 14.9.2011 година во 17.00 часот, од страна на генералниот секретар на „Мобилност Македонија“, ги добија тест прашањата по електронска пошта и едновремено го започнаа тестирањето, во 18.00 часот беа испратени одговорите и беше извршено бодирањето, а веќе во 19.00 часот сите екипи беа пријавени до канцеларијата на Сојузот по електронски пат.

Натпреварот помина во исклучително фер и коректна борба. Водител на манифестацијата и овојпат беше авторот на овој текст, Бранимир Јовановски, кој и на ова квиз-издание вметнуваше интересни коментари, шеги, афоризми, и најразлични занимливости, кои едновремено ја намалуваа напнатоста кај учесниците, меѓутоа, и ја забавуваа публиката.

Комисијата беше составена од генералниот секретар на „Мобилност Македонија“, Софче Прчева, и генералниот секретар на НФСРИМ-МПК, Драган Дојчиноски.

Пред да се изврши жрепката, за носители на четирите групи беа определени минатогодишните финалисти, екипите на „Скопје I“, „Скопје II“, „Куманово“ и „Штип“. Со оглед на тоа дека во конкуренција беа пријавени 17 екипи, на првиот натпреварувачки ден беше одржано едно елиминациско коло, а потоа и четири четвртфинални борби. Првопласираните две екипи од секоја четвртфинална група се пласираа за натамошните борби во полуфиналето. Вториот натпреварувачки ден беа одржани полуфиналните натпревари, како и финалниот натпревар. Двете полуфинални групи беа формирани по формула, и тоа: во првата полуфинална група првопласираната екипа од првата четвртфинална група, втората од втората, првата од третата и втората од четвртата четвртфинална група, додека втората полуфинална група ја сочинуваа втoропласираната екипа од првата четвртфинална група, првата од втората, втората од третата и првата од четвртата четвртфинална група. Со ова беше постигнато избегнување на повторен дуел меѓу две исти екипи, како и рамноправност во квалитетот





# КВИЗ-НАТПРЕВАР

на екипите бидејќи полуфиналните групи беа составени од по две првопласирани и две второпласирани екипи од квалификациските групи.

Првата полуфинална група беше составена од екипите на „Мобилност Куманово“, „Мобилност Гевгелија“, „Мобилност Скопје I“ и „Мобилност Дебар“. По завршување на четирите игри, екипите на „Мобилност Скопје I“ со освоени 63 поени и на „Мобилност Куманово“ со освоени 47 поени се пласираа во финалето, додека екипите на „Мобилност Гевгелија“ со освоени 40 поени и на „Мобилност Дебар“ со освоени 20 поени го завршија своето учество.

Втората полуфинална група е составена од екипите на: „Мобилност Охрид“, „Мобилност Кочани“, „Мобилност Радовиш“ и „Мобилност Скопје II“. Како што се очекуваше, во оваа група се водеше беспоштедна борба до последната игра и последното прашање. Цело време екипите се менуваа во водство со мошне тесна бодовна разлика. По завршување на четирите игри, екипите на „Мобилност Охрид“ со освоени 47 поени и на „Мобилност Скопје II“ со исто така освоени 47 поени се пласираа во финалето, додека екипите на „Мобилност Радовиш“ со освоени 45 поени и „Мобилност Кочани“ со освоени 44 поени го завршија своето учество.





Капитените на екипите кои се пласираа во финалето го извлекоа редоследот на пултовите, така што во финалето на позиција број еден беше екипата на




„Мобилност Куманово“, на позиција број два екипата на „Мобилност Скопје II“, на позиција број три екипата на „Мобилност Скопје I“ и на позиција број четири екипата на „Мобилност Охрид“. По исцрпната борба во финалето, на крај, екипата на „Мобилност Скопје I“ составена од искусните квиз-натпреварувачи Бобан Велков, Биљана Димовска и Бојан Тодорчевски, со освоени 97 поени го освои првото место по којзнае којпат закитувајќи се со титулата најдобри квизации од редот на лицата со телесен инвалидитет. На второто место се пласира екипата на „Мобилност Скопје II“ во состав: Трајче Стојановски, Томислав Попов и Ристо Фотевски со освоени 73 поени, додека третото место го освои екипата на „Мобилност Охрид“ во состав: Снежана Танеска, Венко Голабоски и Дејан Танески, со освоени 71 поени. На четвртото место се пласира екипата на „Мобилност Куманово“ со освоени 66 поени.

Практиката за наредниот Републички квиз-натпревар, финалистите да бидат носители на четвртфиналните групи согласно со редоследот кој го освоиле на претходниот натпревар, се покажа исправна, така што за следниот 18. по ред Републички квиз-натпревар на лицата со телесен инвалидитет првата четвртфинална група ќе ја предводи екипата на „Мобилност Скопје I“, втората четвртфинална група ќе ја предводи екипата на „Мобилност Скопје II“, третата екипата на „Мобилност Охрид“ и четвртата екипата на „Мобилност Куманово“.

*Б. Јовановски*

# ОДРЖАНИ 17. „МУЗИЧКИ СРЕДБИ“ НА ЛИЦА СО

Со делумна финансиска поддршка од Министерството за култура која музичките средби на лицата со телесен инвалидитет ги оцени како културен настан во 2011 година, во големата сала на хотелот „Цар Самуил“ во с. Банско, Струмица, на 2.10.2010 година се одржаа 17. „Музички средби“ на лицата со телесен инвалидитет на Македонија. Струмица и оваа година традиционално ги пречека најдобрите македонски интерпретатори на изворна народна музика од редот на лицата со телесна инвалидност. Со оглед на тоа дека за викендот во хотелот се одржаа повеќе манифестации во организација на „Мобилност Македонија“ и на „Мобилност Струмица“, за разлика од минатите години, оваа година се бараше место повеќе. Низ големата сала, која за оваа манифестација беше „мала“, во вечерните часови одекнуваа милозвучни тонови на изворна македонска песна проследена со бурни аплаузи од многубројната публика и присутните гости од политичкиот и од бизнис-секторот на Струмица, предводени од градоначалникот Зоран Заев.

Како и минатата година, стручното жири беше во состав: Роберт Георгиев и Васко Пиличев од Струмица, академски музичари и музички критичари, а водител на манифестацијата беше неповторливиот Ѓорѓи Калајџиев.

Натпреварувачите имаа можност да одработат со музичарите од оркестарот „Феникс“ три проби во текот на двата дена, што претставуваше убава можност подобро да се увежбаат за настапот.

На сцената продефилираа 18 интерпретатори. Од „Мобилност Скопје“ настапи Зорица Гочевска со песната „Ај остани младо невесто“, Игор Божиновски со песната „Ќе пијам ќе лумпувам“ и Гоце Миновски со песната „Ти донесов млада невеста“; од „Мобилност



# ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА



Прилеп“: Ѓорѓи Здравески со песната „Белите манастири“, Ристо Спиркоски со песната „Во густата шума“, Илија Стојаноски со песната „За кого ти цути Дано лицето“, Стеван Ангелески со песната „Не затворај мајко портите“ и Влатко Најдоски со песната „Јасно ми сонце изгрева“; од „Мобилност Битола“: Митко Фидановски и Томче Најдовски со песната „Пијан да бев ќе се отрезнев“ и Томче Најдовски со песната „Не виткај се Софче“; од „Мобилност Кавадарци“: Трајче Лазаров со песната „Чудна жена беше Вера“ и Николчо Делов со песната „Ајде Величе“; од „Мобилност Радовиш“: Петре Јованов со песната „Дејгиди луди млади години“; од „Мобилност Струга“: Рамиз и Мирјана Касели со песната „Сите девојчиња мамо се мажија“; од „Мобилност Штип“: Дафина Јаневска со песната „Димитриче, русокосо девојче“, потоа интерпретаторот Влатко Јанев, и на крај Ванѓа Јованчева со песната „Туѓината пуста да остане“.



По завршување на официјалната програма на кој беа изведени осумнаесетте нумери, Комисијата ги распредели наградите на следните интерпретатори:

Прва награда:
**Митко Фидановски** и
**Трајче Најдовски** од Битола

Втора награда:
**Влатко Најдоски** од Прилеп

Трета награда:
**Илија Стојаноски** од Прилеп

Организаторот „Мобилност Македонија“ обезбеди подароци во вид на уметнички слики за првопласираните три интерпретатори. Наградите ги врачи претседателот на „Мобилност Македонија“, Бранимир Јовановски.

*Б. Јовановски*

# ПРАВОТО НА ПОМОШ И НЕГА ОД ДРУГО ЛИЦЕ ВО ПРАКТИКА

Ова право е едно од основните права во социјалната заштита на лицата со инвалидност и едно од најмногу користените права во практиката, но и покрај тоа што со децении ова право постои, опстојува и се користи од голем број лица со инвалидност, сепак, и ден-денес предизвикува многу недоразбирања и е едно од најболните прашања кои често корисниците го поставуваат бидејќи се судруваат или со неможност да го користат или, пак, од страна на државата им се скратува еднаш веќе воспоставеното право.

Најчести прашања од оваа област се дали лице коешто е вработено а има наод и мислење од соодветна комисија дека е лице со тешка инвалидност може да го користи ова право и дали неподвижни и тешко болни лица со парализи поради прележани заболувања го имаат тоа право и зошто на некои на кои им било претходно одобрено по посетата на комисијата тоа им било скратено.

Оваа материја е регулирана со два закона и еден подзаконски акт: Законот за социјалната заштита и Законот за пензиско и инвалидско осигурување, како и Правилникот за начинот за остварување на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице.

Одредбите од Законот за социјалната заштита се однесуваат на оние лица што не се и не биле во работен однос а треба да го остварат ова право, а со Законот за пензиско и инвалидско осигурување се регулира ова право за лицата кои се во работен однос или користат пензија. Од ова се гледа дека работниот однос или користењето на пензија не е основа тоа право да се исклучи и тоа не е пречка вакво лице со инвалидност доколку ги исполнува сите други законски услови да го користи ова право.

Кои се условите кои треба да се исполнат во согласност со прописите за да се користи ова право?

Во согласност со член 72 од **Законот за социјалната заштита** право на паричен надомест за помош и нега од друго лице има лице кое, пред сè, има навршено 26 години старост а да има умерени, тешки и длабоки пречки во менталниот развој; лице со потешка и најтешка телесна попреченост (овде спаѓаат телесните инвалиди); потполно слепо лице, како и лице со трајни промени во здравствената состојба на кое му е неопходна помош и нега од друго лице поради што не може само да ги задоволува основните животни потреби под услов ова право да не може да го оствари според други прописи.

Висината на паричниот надоместок за помош и нега од друго лице се определува во зависност од обемот на потребата. **Помош во поголем обем** има лице со тешки и длабоки пречки во менталниот развој; лица со потешка и најтешка телесна попреченост; потполно слепо лице, како и лице со трајни промени во здравствената состојба поради што не може само да ги задоволува основните животни потреби, односно не може ниту со ортопедски помагала самостојно да се движи во станот или надвор од станот, самостојно да се храни, да се облекува и да ја одржува личната хигиена, ниту да ги врши основните физиолошки потреби.

**Помош во помал обем** имаат лица со умерени пречки во менталниот развој и лице со трајни промени во здравствената состојба поради што не може без помош од друго лице во потполност да ги задоволува основните животни потреби (значи, во случајов овие лица можат да ги задоволуваат основните животни потреби до одреден степен но не се способни да го направат тоа во потполност).

Ваква потреба од помош и нега од друго лице и паричен надомест остварува и лице кое поради **привремени** промени на здравствената состојба без помош на ортопедски помагала не може да ги задоволи основните животни потреби.

Правото на паричен надомест за помош и нега од друго лице мирува доколку примателот е згрижен во здравствена или друга установа подолго од 30 дена.

Потребата за помош и нега од друго лице ја утврдува стручна комисија обично од Центарот за социјална работа, а два месеца пред истекот на рокот





друг да го храни и слични работи за кои мора да побара помош од друго лице. Честопати во практиката доаѓа до најголеми недоразбирања со надлежните лица на Комисијата која го утврдува ова право и состојбата на осигуреникот. Ако го видат осигуреникот како самостојно се движи му го скратуваат ова негово право, а тој не е во состојба да си ги врши основните животни потреби како што е наведено погоре. Само би навел еден пример за тоа. Има многу наши членови кои се заболени од Бехтерев во одмината фаза кога болниот може да се движи и во станот и надвор од него но тој е потполно вкочанет во 'рбетниот столб и на други делови од телото и како последица на тоа тој самостојно не може да се облекува или да се слекува, тешко или воопшто не може да се храни и да ја одржува личната хигиена. На овие болни и покрај нивната подвижност и во станот и надвор од станот им следува и мора да им се даде овој надоместок за помош и нега од друго лице бидејќи тој без ваква помош не може да опстане и да живее.

определен за повторна оценка го известува корисникот за потребата од повторен преглед.

Истиот институт се третира и во **Законот за пензиско и инвалидско осигурување.** Овде корисниците се или вработени или, пак, се корисници на пензија. Во член 89 е пропишано дека корисникот на старосна, инвалидска или семејна пензија на кого поради здравствената состојба му е потребна постојана помош и нега од друго лице поради тоа што самиот не може да ги врши основните животни потреби има право на паричен надоместок за помош и нега од друго лице.

Право на овој надоместок има и осигуреникот кој засновал работен однос како слеп, заболен од дистрофија или сродни мускулни или невромускуларни заболувања, церебрална или детска парализа, параплегија, како и други заболувања и повреди поради кои не може самостојно да се движи додека е во работен однос или таквата неспособност во текот на траењето на работниот однос.

Како осигуреник, односно корисник на пензија кој во смисла на овој член се смета дека не може да ги врши основните животни потреби се смета неподвижното лице, потполно слепото лице, како и лице кое поради трајни заболувања и болни состојби не е во можност да се движи во станот ниту со користење на соодветни помагала, да одржува основна лична хигиена, да се облекува, да зема храна, ниту да врши други дејства за задоволување на основните животни потреби.

Од ова може да се види дека не е секогаш пресудно дали корисникот на туѓа нега е подвижен или не иако тоа во практика скоро секогаш е пресудно. Тука може осигуреникот кој го прима овој паричен надоместок и да се движи но да не може да си ги извршува основните животни потреби како што е одржување на хигиена, да не може да се облекува самиот и да му треба помош од друго лице за да го направи тоа, не може да се храни самиот иако е подвижен и мора некој

Правото за овој надомест во секој случај е индивидуално и соодветна лекарска комисија треба да го утврди и постоењето на заболувањето и состојбата на лицето заболено од некоја болест која го направила зависен од помош и нега од друго лице. Проценката, секако, се врши врз основа на мерливи медицински и законски критериуми.

Осигуреникот го задржува правото на овој паричен надоместок и по престанокот на работниот однос или друго својство врз основа на кое е осигуран ако стекне право на старосна или инвалидска пензија.

Висината на паричниот надоместок по оваа основа се определува во проценти од просечната плата остварена во републиката во претходната година.

Со оглед на тоа дека состојбата на фондовите во државата и целокупната материјална и финансиска состојба во државата честопати многу од овие лица се изложени на макотрпни постапки за остварување на ова право и се жртви на индивидуални проценки на членовите на комисиите кои внесуваат субјективизам наместо мерливи и законски критериуми. До ова најчесто доаѓа поради спроведување на некоја зацртана политика за заштеда на средствата од фондовите и недостаток на средства и правото не го остваруваат лица кои објективно треба да го користат.

*М. Фидановски*



# ОД АКТИВНОСТИТЕ „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“

Летните жештини поминаа. Поминаа и одморите. За некои наши членови немаше одмор. Секој вторник и петок поголема група наши членови се собираа во клупските простории. Се одржа и една седница на Управниот одбор. Се сумираа резултатите и идните активности. Ново и атрактивно беше само преселувањето, „на врат, на нос“, од „активисти“ во новиот простор во Ресен. Како што знаете, Советот на Општината Ресен донесе одлука за престанок на договорот за доделување на простор без надоместок. Со истата одлука се додели друг со исти услови. Но, таму состојбата не е средена. Потребно е време и активност, да не зборуваме за финансиски средства, за истата да се среди. Поради тоа се побара поддршка од „Мобилност Македонија“. На седницата на Управниот одбор нашето барање беше уважено за што им изразуваме голема благодарност. Нашите активисти учествуваа на сите манифестации организирани од Сојузот. Тоа беше Републичкиот квиз-натпревар и „Музичките средби“. Особено на музичките средби се постигнаа одлични резултати, а нашите учесници Митко Фидановски и Томче Најдовски го освоија првото место.

На манифестацијата „Тортијада“ која ја организира Здружението од Струмица, поддржано од Сојузот, брачниот пар Зорка и Грегор Штифтер постигнаа многу добри резултати освојувајќи ги симпатиите на сите присутни. Во Демир Хисар постепено клупските простории започнаа да бидат сè повеќе користени од членовите. По повеќемесечно ангажирање на проекти, покрај оние со Кочани, Штип и Радовиш, се успеа да се обезбеди поволен исход на „повикот“ на „Електрани на Македонија“ (ЕЛЕМ) за спонзорирање на активности на здруженија како што е нашето. По пополнување на прашалникот и поминување на одреден временски период, беше добиено позитивно мислење и ќе се спонзорираат две посети, и тоа: посета на електраните во Мавровскиот регион (еден автобус) и посета на Крушево (гробот и Спомен-куќата на Тоше Проески, како и манастирот „Св. Преображение“, исто така еден автобус). При ова, спонзорот преку здружението „Конект“ од Скопје, покрај превозот обезбедува и оброк за секој присутен. Активностите продолжуваат.

Прим. д-р *Нико Јанков*

# ИЗЛЕТ НА ЧЛЕНОВИ НА „МОБИЛНОСТ СТРУМИЦА“

Лето... јули... секој од нас бара некаков начин да избега од жештините или барем за миг да ја ублажи топлината на летното сонце. Ние, членовите од „Мобилност Струмица“, се договоривме и се организиравме да отидеме до нашето најблиско летувалиште, Дојранското Езеро. Уште кога се упативме кон Дојран, знаевме дека ќе има многу народ, бидејќи патот беше претворен во река од автомобили. И навистина беше така. Не само што дојдоа нови туристи од повеќе краеви на Македонија туку дојдоа и гости од соседна Грција и Србија. Дојран вриеше како кошница со пчели, од многу народ. Секој имаше по некоја причина што се одлучил да дојде и да помине одредено време во нашиот прекрасен Дојран. Причина плус беше „Пивофест“ кој неколку дена се одржуваше во Дојран. Имаше поставено повеќе штандови каде што се точеше ладно пиво, а мирисот на свежо испечената скара доаѓаше од сите страни и просто ве мамеше да се упатите кон нив и да ја вкусите. Каде и да се свртевте, секаде ќе забележевте народ. Секој на свој начин уживаше. Под дебелите сенки, луѓето си седеа и се разонодуваа. Некои играа шах, некои карти... други се освежуваа со кафе-муабет... додека помладите уживаа во топлата езерска вода, други седеа во кафулињата на самиот брег од езерото и уживаа во музиката и својот пијалак. Сретнавме и луѓе кои специјално дошле за да ги користат благодатите на термалната кал, која помага во лекувањето на повеќе болести. Така шетајќи,уморот не совлада, па решивме да седнеме во еден од ресторантите на брегот на Дојранското Езеро. За време на ручекот прокоментиравме за



убавините на Дојран, за посетеноста... и многу други работи кои ни оставија впечаток.

По ручекот секој имаше желба уште еднаш да прошета покрај брегот на езерото. Малку уморни по попладневната прошетка, седнавме да уживаме во заоѓањето на сонцето.

Оваа беше ден кој ќе остане да се памети и со радост ќе се сеќаваме, бидејќи чувството беше прекрасно и нема соодветни зборови кои би го опишале овој престој во Дојран. Едноставно бевме понесени од убавините на Дојран, од шаренилото на народ, помешано со музика од сите страни, мирис на вкусна скара и ладно пиво, а посебна убавина на денот му дадоа разнобојните и мирисливи леандри кои ги имаше на секој чекор.

Со желба што почесто да има вакви излети и ветување дека наскоро ќе го повториме оваа другарување си заминавме, среќни и исполнети од убаво поминатиот ден кон нашите домови. А на враќање... пак истата слика, река од автомобили...

*Мери Туџарова*

# ИЗЛЕТ ВО ПЕЛЕНИЦА НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“

На 18 септември оваа година беше резлизирана уште една традиционална програмска активност на „Мобилност Скопје“, а тоа е еднодневен излет.

За првпат годинава оваа активност се реализираше два пати. Првиот пат во јуни на езерото Треска и вториот на Пеленица во манастирскиот комплекс





на црквата „Св. Богородица“ во близина на скопската населба Драчево. За успешната организација на оваа активност најзаслужен беше претседателот на „Мобилност Скопје“, Дејан Ѓорѓиевски.

Превозот до манастирот беше организиран со автобус и со специјалните комбиња за превоз на лица во колички од Јавното сообраќајно претпријатие „Скопје“. На излетот присуствуваа околу 120 членови на „Мобилност Скопје“ кои денот го поминаа во меѓусебно другарување. Ручекот – македонско гравче, го подготвија љубезните домаќини во манастирот.

Беше весело и забавно. За веселото расположение се погрижи ангажираната музичка група, како и учесниците на музичките средби на „Мобилност Македонија“ од „Мобилност Скопје“.

Во текот на денот, за присутните беа организирани натпревари во шах и пикадо.

Со песни и ора дружењето траеше до попладневните часови. Во одлично расположение го напуштивме манастирскиот комплекс, со желба повторно да се вратиме. Заминавме уморни, но задоволни од убаво поминатиот ден. Импресиите и прераскажувањето на случките меѓу членовите нема да престанат и во наредните денови. Заминавме порано дома за да навиваме за нашиот кошаркарски тим во натпреварот против Русија. А фотографиите што ги објавуваме се најдобра слика за амбиентот и атмосферата во која се одржа и помина излетот.

*Билјана Вељановска*

# УСПЕШНО ОРГАНИЗИРАНА

На 1 октомври оваа година во Банско, Струмица, се одржа традиционалната „Тортијада“, најслатката манифестација на која учествуваат здруженијата на „Мобилност Македонија“. Домаќин на „Тортијадата“, како и секогаш досега, беше „Мобилност Струмица“. Манифестацијата беше финансиски поддржана од „Мобилност Македонија“.

На овогодишната „Тортијада“ учествуваа екипи од 11 здруженија на „Мобилност Македонија“, и тоа од: Струмица, Скопје, Битола, Тетово, Кавадарци, Штип, Дебар, Радовиш, Велес, Куманово и Кочани. Со своја екипа, по трет пат на оваа манифестација, учествуваше и Здружението на лица заболени од мултипла склероза од Нови Кнежевац од Србија.

Според пропозициите, учесниците на „Тортијадата“ неколку часа пред почетокот на целата манифестација ги подготвуваат тортите. Притоа на самото место треба да ги покажат своите вештини во приготвување и украсување на тортите. Во отсуство на комисија на манифестацијата, оваа година екипите на неколку здруженија дојдоа со готово направени торти.

Водител на манифестацијата беше Ѓорѓи Калајџиев, новинар и водител во струмичката телевизија „Вис“. Гости на овогодишната манифестација беа претставници од Здружението на параплегичарите на Северен Банат со седиште во Зрењанин и претседателката на Здружението на заболени лица од мултипла склероза од Нови Кнежевац, Славица Зориќ.





Покрај нив, наши гости беа и децата-штитеници на Заводот за згрижување и рехабилитација на деца и младинци во Банско со нивната директорка Јустина Гноинска-Димитриева, многубројни членови на „Мобилност Македонија“ од повеќе градови, учесниците на Републичкиот квиз во знаење и на „Музичките средби“ на лицата со телесен инвалидитет и многу други. На „Тортијадата“ присуствуваа претставници од локалната самоуправа на Струмица: градоначалникот Зоран Заев и претседателот на Советот Марјан Даскаловски, градоначалникот на Општина Ново Село, Петар Спасов, пратениците Цветанка Иванова и Панче Орцев, претставник од ЈП „Комуналец“ од Струмица, Зоран Георгиев, претставници од Ортопедскиот завод „Славеј“ од Скопје, д-р Лидија Арнаудова и Гордана Гошева, претставници од бизнис-секторот на Струмица, како и други гости и пријатели на лицата со телесен инвалидитет.

Комисијата во состав: д-р Лидија Арнаудова, Гордана Гошева и Љубица Спасова имаа тешка и напорна задача во оценувањето на изложените торти. Со особено внимание ги разгледуваа и пробуваа тортите. Ја пофалија креативноста на учесниците и неможејќи да се одлучат за најдобрата, сите торти ги прогласија за победнички и за секоја торта дадоа свој коментар:

# 14. „ТОРТИЈАДА“




- „Мобилност Кавадарци“ – „сочна и свежа торта која го карактеризира растот и будењето на природата“. Тортата беше во облик на дрво, многу успешно претставено.

- „Мобилност Тетово“ – „спортска торта, кога ја јадеш го буди натпреварувачкиот дух во тебе“. Оваа торта го претставуваше нашиот „Борче“, чоколаден, прегрнат со македонското знаме.

- „Мобилност Штип“ – „разиграноста на вкусот и боите е карактеристика на оваа торта“. Моќна торта со крупни цветови во портокалова боја.

- „Мобилност Дебар“ – „традицијата на Дебарскиот регион е вткаена во чоколадниот вкус на тортата“. Посебно убава торта во виолетова комбинација.

- „Мобилност Радовиш“ – „весела и цветна торта со пријатен вкус на смоква“. Тврдеа дека е највкусна и беа во право.

- „Мобилност Велес“ – „торта со нежен овошен и лесен вкус го означува симболот на слободата – птицата“. Небесно сина торта.

- „Мобилност Нови Кнежевац“ – „прекрасниот освежителен вкус, шаренилото од бои и формата на срце ни покажува колку е големо нашето пријателство“. Двете торти беа прекрасни.

- „Мобилност Скопје“ – „другарите од Скопје навистина покажаа дека не се „папучари“ туку врвни мајстори во својот занает“. Единствената машка екипа на оваа манифестација многу оригинално и успешно се претстави ја со торта во вид на влечка.

- „Мобилност Куманово, Крива Паланка и Кратово“ – „оваа торта ја карактеризира традицијата на градот Крива Паланка преку автентичниот изглед на тортата во вид на познатиот симид“. Познатиот кривопаланечки симид со благ вкус.

- „Мобилност Кочани“ – „торта која изобилува со многу вкусови и симболика на спортскиот дух на „Мобилност Кочани“. Актуелна торта: кошарка, баскет и „леле што направивме“.

- „Мобилност Битола, Ресен и Демир Хисар“ – „чоколадна торта чија порака – отвори го срцето, заедно сме посилни – е отворена порака од ‚Мобилност Битола‘ до целиот свет“.

- „Мобилност Струмица“ – „торта на љубовта, која и со вкусот и изгледот ја означува безусловната љубов“.

Дел од тортите беа поделени на присутните гости во салата, а останатите беа подарени на штитениците од Заводот за згрижување и рехабилитација на деца и младинци во Банско.

На манифестацијата што се одржа во големата сала на хотелот „Цар Самуил“ беа присутни повеќе од 250 гости, кои по дегустацијата на тортите останаа да го проследат 17. издание на „Музичките средби“ на лицата со телесен инвалидитет.

*С. П.*



# ВО ПОСЕТА НА СОЈУЗОТ НА

Делегацијата на „Мобилност Скопје" во состав: Дејан Ѓорѓиевски, претседател, Ристо Фотевски, Трајче Стојановски и Игор Божиновски, предводена од претседателот на „Мобилност Македонија", Бранимир Јовановски, на покана од Сојузот на параплегичари на Словенија во периодот од 20.9.2011 до 24.9.2011 година престојуваше во работна посета во Словенија. Всушност, тоа беше трилатерална средба бидејќи на настанот присуствуваше и делегација на Сојузот на параплегичари и квадриплегичари на Србија предводени од претседателот Михаило Пајевиќ.

Нашите учесници беа сместени во Домот на параплегичари кој се наоѓа во Пацуг во близина на Пиран. Домот за параплегичари во Пацуг е комплетно приспособен за самостојно живеење на лицата кои во секојдневниот живот ја користат инвалидската количка и во моментов има капацитет од 12 кревети. Неговата надоградба до капацитет од 70 кревети треба да започне идната година со проект на ЕУ кој ќе трае три години. Има сопствен рекреативен базен кој се полни со морска вода и се загрева со посебен систем за греење, соблекувални, тоалети и туш кабини адаптирани за лица во инвалидска количка, специјален лифт за влез и излез од базенот. Домот е изграден за да послужи за реализација на програми за заштита на здравјето, следењето на рехабилитација, семејно дружење на словенечките параплегичари, намена слична на нашите објекти за рехабилитација кои се наоѓаат во Охрид, целосно адаптирани за самостоен живот на лицата со најтешка телесна инвалидност и единствени со такви карактеристики не само во Охрид туку и пошироко, на територијата на Рапублика Македонија.

На денот на пристигнувањето имавме работна вечера со претседателот на Сојузот на параплегичари на Словенија, Дане Кастелица, претседателката на Собранието на Сојузот, Мирјам Каналец и со директорот на Домот на параплегичарите во Пацуг, Јанез Трдина. По кусото претставување, вечерта помина во меѓусебно запознавање на учесниците на средбата од трите држави.

Утредента со почеток во 11.00 часот беше одржан првиот работен состанок во просториите на Сојузот во Љубљана со претседателот Кастелица и раководителите по сектори. Сојузот постои 42 години, брои 1.016 членови и во рамките на Сојузот се здружени девет здруженија и секое од нив предлага по три претставници во Собранието. Управниот одбор им брои девет члена (по еден од регионалните здруженија), а имаат и Одбор за контрола и Дисциплинска комисија бидејќи тоа е во согласност со нивниот закон.

Сојузот на параплегичарите на Словенија работи на реализација на повеќе програми, и тоа:

•програма за рехабилитација со упатување на околу 500 членови и 60 придружници на рехабилитација во траење од 14 до 17 дена на трошок на државата. Програмата се спроведува и во Домот за параплегичари во Пацун каде што во моментот има 12 кревети, четири објекти со по четири кревети во Терма Чатеш, 20 кревети во Домот на Пињета и 25 кревети во Домот во Семич;

- за лична асистенција, преку обучени и сертифицирани лица од страна на надлежни институции;
- превоз на параплегичари со удобни и адаптирани комби-возила со цел за активно вклучување во работата на здружението и користењето на програмите кои ги спроведува, како и активно вклучување во сите текови на секојдневниот живот. Секое регионално здружение има сопствено комби-возило;
- компензација на инвалидноста преку одржување и изнајмување на шест станови со 16 кревети во Љубљана во кои ги сместува членовите додека се на школување, обука за автошкола, за спортски активности, или додека не им се адаптира станбениот простор и условите на живеење дома;
- спорт и рекреација како облик на продолжена рехабилитација и ресоцијализација преку организација на лига во кошарка во колички, стрелаштво, атлетика, тенис, пинг-понг, скијање..;
- културни активности преку организација на ликовна колонија на која учествуваат параплегичари со афинитети за сликарство, потоа програми за нуркање и за размена на млади со други држави;
- информирање преку сопствено гласило „Параплегик" која се печати во тираж од 2.000 броја и се доставува до членовите, но и до сите министерства и државни институции во Словенија;
- образование од основно, средно, па сè до највисоките степени на едукација.

# ПАРАПЛЕГИЧАРИ НА СЛОВЕНИЈА



За спроведување на програмите Сојузот има шест постојано вработени лица со полно работно време, 20 лица ангажирани со договор за дело, плус 12 лица ангажирани во здруженијата. Сојузот располага со простор од 330 м$^2$, а секое здружение приближно со по 100 м$^2$. Сојузот е членка на Националниот совет на инвалидски организации на Словенија и на Европска федерација на сојузи на лица со повреда на ’рбетен столб (ЕСЦИФ).

Што се однесува до структурата на членството, една третина се квадриплегија, а две третини параплегија. Една третина од членството се жени, а две третини мажи. Член може да биде секое лице кое има повреда на ’рбетен столб кое ќе се декларира со соодветна медицинска документација и покрај воспоставената медицинска дијагноза и со исполнување на дополнителни критериуми (на пример, инконтиненција...)

Сојузот има свој претставник во Советот на Владата на Република Словенија за прашања на лицата со инвалидност кој брои 21 член од кои седум предлага НСИОС, седум од разни министерства при Владата (труд и социјала, здравство, финансии...) и седум од јавни институции (Завод за здравствено осигурување, Центар за медицинска рехабилитација, Дом за стари...) Овој Совет му препорачува на премиерот на Словенија кои од понудените законски решенија да ги прифати, а кои не.

Исто така, Сојузот има свој претставник во Управниот одбор на Заводот за здравствено осигурување, како и во Комисијата за медицинско-техничка опрема при Институтот за медицинска рехабилитација а ја финансира Заводот и таа се состои од четири лекари специјалисти (ортопеди, физијатри, уролози...), два физиотерапевта и две лица со инвалидност (еден дистрофичар и еден параплегичар). Ова Комисија има цел да одлучи кое ортопедско помагало понудено на пазарот од ортопедските куќи ги исполнува пропишаните критериуми и стандарди, зашто има секакви обид да се поттурат во оптек неквалитетни помагала. Комисијата е тотално дистанцирана од политиката бидејќи во составот има само еден претставник од Владата кој во принцип е лице со инвалидност.

Законските решенија кои се однесуваат на лицата со инвалидност во Словенија поминуваат низ четири фази, и тоа:

- прва фаза – работна, кога работната група составена од претставници на одредено Министерство со вклучени претставници од редот на лицата со инвалидност го подготвуваат законот;
- втора фаза – кога текстот оди на дискусија во Советот за инвалидски прашања во Владата на Република Словенија и кој се произнесува по истиот;







– трета фаза – кога оди на седница на Влада на Република Словенија на усвојување и
– четврта фаза – кога се усвојува на седница на Собрание на Република Словенија и кога во принцип се случува да претрпи најголеми промени со вметнување на амандмани од страна на пратениците кои не секогаш се во корист на лицата со инвалидност.

За да ги реализира сите овие активности, Сојузот на параплегичари има буџет од нешто повеќе од 2.000.000,00 евра од кои 50% се приходи од ФИХО, 25% од Завод за здравствено осигурување, 15% од Министерство за труд и социјална политика и од Завод за вработување и 10% од донации и спонзорства. За трошењето на средствата мора да имаат секоја година независен ревизорски извештај, а раководителите за спроведување на програмите примаат месечни мандатни надоместоци во износ од 100 до 250 евра.

Вториот дел од работниот состанок беше со г. Цвето Уршиќ, член и поранешен директор на Директориумот за прашања на лицата со инвалидност при Министерството за труд и социјална политика на Словенија. Тој истакна дека правата на лицата со инвалидност во Словенија се загарантирани со Устав на Република Словенија каде што децидно стои дека нема дискриминација по основа на инвалидност и со околу 70 закони во кои се опфатени одредени права на лицата со инвалидност во Словенија. Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со инвалидност Република Словенија ја има ратификувано во 2008 година, а на сила е и Националната стратегија за еднакви права на лицата со инвалидност на Словенија 2007-2013 која е политички документ бидејќи е усвоен од Владата на Словенија. Исто така, во 2010 година е донесен Закон за изедначување на можностите на инвалидите во кој се опишани посебните права и начинот на остварување, како на пример софинансирање за приспособување на моторно возило за лицето со инвалидитет и не само ако е возач туку и за сопатникот ако има потреба, и уште многу други права кои се однесуваат на изедначување на можностите.

Понатаму делегациите остварија средба со генералниот секретар на Националниот совет на инвалидските организации на Словенија (НСИОС), г. Штефан Кушар, кој во своето излагање истакна дека во НСИОС членуваат од 22 од 26 инвалидски организации кои дејствуваат на национално ниво и кои опфаќаат 220 локални здруженија со регистрирани 105.000 членови. Од 18 регистрирани репрезентативни инвалидски организации, 16 членуваат во НСИОС. Во Словенија има 180.000 лица со инвалидност врз база на привилегиите кои ги остваруваат. Соработката со Владата на Словенија и со Парламентот е во тесна врска со ратификуваната Конвенција на ОН, бидејќи токму во член 3 и 4 од истите им се наложува да ги консултираат организациите на лицата со инвалидност при носење на сите документи во интерес на лицата со инвалидност, меѓутоа, во практика таа консултација не функционира целосно и на задоволително ниво.

На крајот од работниот ден се оствари контакт и со претседателот на НСИОС, г. Борис Шуштаршиќ кој истакна дека огромна улога НСИОС има одиграно кога не дозволил средствата што се прибираат од даноци од игри на среќа да се прелеат во Буџетот на Словенија, туку да се формира одделна фондација за инвалидски оранизации ФИХО, од каде што и денденес се распределуваат на инвалидските и хуманитарните организации. Со тоа е зачувана сигурноста и самостојноста на дејствувањето на инвалидските ор-

ганизации кои го обединуваат движењето за остварување на правата на лицата со инвалидност во Република Словенија. Работниот ден заврши со заеднички ручек во просториите на Сојузот во Љубљана.

На 22.9.2011 година во утринските часови повторно се замина за Љубљана во работна посета на ФИХО, каде што бевме примени од претседателот на Собранието на ФИХО, Миран Крајнц. Тој истакна дека на годишно ниво се делат околу 20 милиони евра за работа на 24 инвалидски организации кои опфаќаат околу 120.000 членови и на 69 хуманитарни организации со околу 300.000 членови. Од вкупната маса на средства, 90% се прибираат од Државната лотарија, 5% од спортска лотарија и 5% од обложувачници и казина. Рецесијата си го зема својот данок и во оваа област и веќе две години се работи со намалени средства и за 20% од претходните години. Со вклучување во еврпската лотарија каде што има голем џек-пот и поголеми останати премии се очекува да се подобри ситуацијата со прилив на средства. ФИХО и инвалидските организации достигнале одреден стандард во работењето и тешко е да се оди надолу. Веќе две години не се доделуваат средства за инвестиции, а без тоа нема ниту квалитетна реализација на програми. Во најава се две опасности: продолжување на рецесијата, од една страна, и државата која во 20-те милиони евра гледа дополнителен приход. Ова, второто, е особено опасно бидејќи во Собранието во процедура е закон со кој се предвидува да се ограничи можноста на инвалидските организации и да ги делат и да ги користат средствата, меѓутоа, токму тие најдобро ги познаваат потребите и состојбата на лицата со инвалидност и на никого нема да му дозволат да решава за инвалидите освен тие самите. Поради тоа се подготвува организирано собирање на 20.000 потписи за распишување на референдум, во што не се сомневаат дека ќе ги соберат за најкус можен рок.

Аљоша Рецеповиќ даде кус историјат како се движело финансирањето на инвалидските организации од времето на СФРЈ и денес по осамостојувањето на Република Словенија. Со формирање на државна лотарија на СФРЈ први корисници биле сојузите на слепите, глувите, воените инвалиди и на Црвениот крст, бидејќи единствено тие и биле формирани. Во 1970 година воените инвалиди излегле од финансирањето оти со финансирање влегле во Буџетот, и кон крајот на седумдесеттите години од минатиот век се формирале републичките лотарии и средствата се делеле на десет инвалидски организации, три хуманитарни и Сојузот на спортски организации во сооднос 90% за инвалидските, а 10% за хуманитарните и спортските







организации. Тој начин на финансирање го наследила Република Словенија по осамостојувањето и среќа што инвалидските организации биле силни и добро организирани. Таков начин на финансирање траел се до 1997 година кога започнало формирање на нови инвалидски организации кои, всушност, не беа нови туку се создадоа со разделување на претходните и сега се 24. Хуманитарните од три прераснаа во 69, а каков што е трендот ќе ги има и 500. За да се стави некаков ред, се побара донесување на Закон за инвалидски организации и бидејќи институциите на државата не сакале да го донесат, инвалидските организации и членовите започнале акција за прибирање на потписи од граѓани за спроведување на референдум. За два дена собрале 65.000 потписи (потребни за референдум се 40.000), и тогаш со власта се договориле да им се донесе Закон за инвалидски организации, а тие да не одат на референдум и Законот бил донесен во 1997 година со кој и се формирал ФИХО. За прв претседател бил избран Јанко Кушар, кој бил и министер, чесен и работен човек кој успешно го водел ФИХО во најтешките денови од формирањето. Биле формирани две фондации од кои на ФИХО му припаднале 80% од средствата, а на фондацијата за спорт 20%. ФИХО има стручна служба составена од директор, генерален секретар, двајца стручни соработници и еден администратор кои заедно зафаќаат финансирање од околу 2% од средствата на ФИХО. Во државите на ЕУ ова прашање е уредено на најразлични начини. Најдобро е во Скандинавија, а во времето кога Словенија

била примена во ЕУ, НСИОС котирал на 5-то место во Европа. Финска има три лотарии од кои по една за спорт и една за лица со инвалидност, во Шведска сите кои ќе починат а немаат наследници, средствата одат во фонд за инвалиди (во 2009 година се прибрале по таа основа 60 милиони евра).

По направена заедничка фотографија за спомен, делегациите се упатија во Универзитетскиот институт за медицинска рехабилитација „Соча“ во Љубљана каде што бевме примени од директорот на Институтот, магистер Роберт Цугељ, кој во своето излагање даде краток осврт на дејствувањето и програмите за рехабилитација, особено на параплегичарите кои се сместени на третиот кат од Институтот. Потоа се премина на обиколка на Институтот, а особено на целосно адаптираниот стан за лица со инвалидност наречен „Ирис“ кој со инсталираната опрема приспособена за лицата со инвалидност чини околу 500.000 евра. Во станот сè е на електроника контролирана од централен компјутер, од палење и гасење на светло, домашни апарати, подигање и спуштање на ролетни, отворање и затворање на прозорци, ротација на кујнски елементи со можност на спуштање и испакнување нанапред на висечките елементи, подесување на висина на лавабото во бањата, веце-школката... и што сè уште не. Контролата во зависност од инвалидитетот може да биде говорна, на допир, со движење на очи... едноставно кажано, адаптирана контрола за секој вид и тежина на инвалидност. Навистина фасцинантно... и скапо.

Попладнето беше исполнето со прошетка низ центарот на Љубљана кој е тотално адаптиран за самостојно движење на лицата со инвалидска количка. Насекаде пристапни премини од тротоар на улица и обратно, рампи и лифтови за премостување на висински бариери, европски тоалет за лица со инвалидност со универзален клуч кој отвора такви објекти во сите држави на ЕУ, панорамски лифт до замокот на брдото над Љубљана наречен Град. Вистинско опкружување без бариери за лицата со најтешка физичка инвалидност кои се движат со инвалидски колички и патерици.



На 23.10.2011 во претпладневните часови во просториите на Домот на параплегичари во Пацуг се одржа натпревар во шах. Во конкуренција на осум натпреварувачи, првото место го освои нашиот шахист Ристо Фотевски, трет беше Трајче Стојановски, а петтото место го освои Игор Божиновски. Пладневните часови беа посветени на тестирањето на пристапноста на базенот, а во вечерните часови се одржа состанок на кој г. Јанез Трдина даде краток осврт на работата на Европската федерација на лица со оштетување на ’рбетниот столб (ЕСЦИФ), чиј член е на Управен одбор. ЕСЦИФ е организација која нема буџет за делење, меѓутоа, организација од која може изворно да се информира за проектите и акциите кои се преземаат во ЕУ за подобрување на правата на параплегичарите во Европа и пошироко. Членувањето чини 350 евра годишно, а на генералното Собрание кое се одржува еднаш годишно присуствуваат по двајца претставници од членките кои самите си ги плаќаат трошоците за учество на Собранието и имаат право на еден заеднички глас. Постои практика да се зачленат и организациите како „Мобилност Македонија“ кои опфаќаат повеќе видови на инвалидност, меѓутоа, мора да ги обединуваат во дејствувањето и лицата со параплегија кои самостојно избираат свој претставник на национално ниво. Пристапноста се формализира со пополнување образец за прием во членство на ЕСЦИФ. Управниот одбор на „Мобилност Македонија“ на последната седница донесе заклучок на наредната седница која ќе се одржи до крајот на 2011 година да стави посебна точка на дневниот ред на која ќе се дискутира за зачленувањето на Сојузот во меѓународните организации.

На 24 септември делегациите си заминаа од Домот на параплегичарите во Пацуг кон своите домови со позитивни импресии и чувство на задоволство како од срдечниот и пријателски прием од страна на домаќините, така и од разменетите искуства од кои дел ви презентиравме низ текстот од репортажава. Се остави можност за натамошна соработка и заедничко спроведување на одредени програми, за размена на членови за рехабилитација и уште многу полиња на заедничко дејствување. Искрено се надеваме дека оваа спроведена активност своето второ полувреме ќе го има на почетокот на 2012 година во нашите објекти за рехабилитација во Охрид, на која конкретно ќе се договорат одредени активности.

*Б. Јовановски*

# „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ УЧЕСНИЦИ НА МАНИФЕСТАЦИИ ВО СРБИЈА









Соработката меѓу „Мобилност Скопје“ и Здружението на заболени од мултипла склероза од Нови Кнежевац, Србија, трае од 2005 година. Двете здруженија тогаш потпишаа повелба за меѓусебно збратимување, по што воспоставија долгорочна, блиска и плодна соработка. Таа соработка постојано ја помага и „Мобилност Македонија“ со поканување на претставници од ова Здружение на разни манифестации во организација на „Мобилност Македонија“.

Претставници од „Мобилност Скопје“ повеќе години традиционално учествуваат на ликовната колонија што секоја година на крај на јуни ја организира Здружението на мултипла склероза, како и на ликовната работилница што ја организираат во октомври. При учеството на овие манифестации „Мобилност Македонија“ реши да почне да организира ликовна колонија по нивниот пример. Од друга страна, Здружението на мултипла склероза, учествувајќи на „Тортијадата“ во Струмица реши да организира иста таква манифестација споделувајќи ги нашите искуства. И така, Здружението на мултипла склероза од Нови Кнежевац својата успешна работа под водство на претседателката Славица Зориќ, оваа година ја збогати со организирање на првата меѓународна „Тортијада“. На „Тортијадата“ која се одржа од 14 до 16 октомври учествуваа екипи од Хрватска, Унгарија и Македонија, како и од повеќе градови во Војводина.

„Мобилност Македонија" ја претставуваа екипите на „Мобилност Скопје" во состав Билјана Величановска и Тони Митровски, и на „Мобилност Струмица" во состав Роза Мојсовска и Тодорка Јамајлиева придружувани од директорката на Заводот за згрижување на деца и младинци во Банско, Јустина Гноинска-Димитриева.

Според пропозициите, екипите во состав од два члена, тортите ги пријавуваат под шифра пред самиот настап. Материјалот и опремата за изработката на тортите ги носат учесниците, како и готовите кори или тестото за тортите. Задолжително треба да носат готови филови за торта, бидејќи филувањето и декорирањето се прават на самото место. Украсите на тортата мора да се употребливи за јадење, во спротивно учесникот ќе биде дисквалификуван.

Манифестацијата се одржа во библиотеката на црковната општина Обилиќево во Нови Кнежевац. Беа пријавени 16 торти кои беа дадени на лицитација, а средствата собрани од овој настан ќе се користат за обновување на покривот на мултипла склероза куќата. Инаку, мултипла склероза куќата е прва од таков вид во Србија, во која членовите на Здружението заболени од мултипла склероза можат да претстојуваат, да се дружат, да изведуваат разни вежбовно-тераписки активности, да учат разни сликарски техники и слично.

Екипата на „Мобилност Скопје" се претстави со торта чија порака „Надежта последна умира" се насираше од изгледот на самата торта: сладок човек во инвалидска количка среде парк полн со цвеќиња. Екипата на „Мобилност Струмица" се претстави со две торти. Едната беше во знак на нашиот Тоше, која потсети на четиригодишнината од неговото загинување.

Сите торти беа излицитирани, дури и „Мобилност Скопје" купи две торти кои ги подари на децата од детската градинка во Нови Кнежевац.

По завршувањето на „Тортијадата", во наредните четири денови во мултипла склероза куќата се организираше ликовна работилница на која присутните посетуваа обука за изработка на витраж на стакло, леење, цртање и боење на фигури од гипс, како и изработка на украсни свеќи во различни бои и облици. Екипата на „Мобилност Скопје" во состав: Ана Карајанова-Димитрушева, Благица Митева, Христина Проскова, Пецо Петковски и Трајко Ставревски заедно со претседателот на „Мобилност Скопје", Дејан Ѓорѓиевски, успешно ги завршија обуките.

Идејата на „Мобилност Скопје", слична ликовна работилница да организира меѓу своето членство, каде што учесниците од неколкуте работилници во Нови Кнежевац би го пренеле искуството на заинтересираните членови е за поздравување и поттикнување. Пред седум години и Здружението на мултипла склероза од Нови Кнежевац започна со работилници, да продолжи со ликовни колонии и да заврши со изложби на кои од продажбата на сликите се собрани средства од кои е купена куќата – наречена мултипла склероза куќа. „Животот е уметност", „Вашето малку за нас е многу", или, пак, „За нас има надеж сè додека и Вие верувате во тоа" се нивните пароли кои ги мотивираат и поттикнуваат, од една страна, лицата заболени од мултипла склероза, дека, сепак, има надеж во нивното движење, а, од друга страна, останатото население да помогне колку што може.

*С. Прчева*



# ПРЕКУГРАНИЧНА ОБРАЗОВНА МРЕЖА ЗА ДЕЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

Центарот за развој на Источниот плански регион и Општина Гоце Делчев од Бугарија на 5 септември 2011 година со почеток во 12.00 часот, во големата сала на Советот на Општина Штип, организираа промоција на проектот „Прекугранична образовна мрежа за деца со посебни потреби".

На промоцијата воведно обраќање имаа претседателот на Источниот плански регион, Ратко Димитровски, раководителот на Центарот за развој на Источниот плански регион, Драгица Здравева, градоначалникот на Општина Штип, Зоран Алексов и градоначалникот на Општина Гоце Делчев од Бугарија, Владимир Москов, а презентацијата ја одржа проектменаџерот д-р Денис Жерновски.

На оваа промоција беа присутни претставници од „Мобилност Македонија", „Мобилност Штип", „Мобилност Битола", „Мобилност Струмица" и „Мобилност Кочани", директори на основни училишта од Штип и други поканети гости.

Вупната вредноста на проектот изнесува 276.079,33 евра, а само за Источниот плански регион изнесува 136.749,22 евра, додека периодот на реализација е од 20.5.2011 до 19.5.2013 година. Проектот е поддржан од Европската Унија.

**Цели на проектот**: Социјална кохезија и меѓугранична соработка и создавање на меѓугранична мрежа во областа на социјалната грижа и заштита на децата.

**Целни групи:** Основните училишта во регионот, институции во меѓуграничниот регион во областа на рехабилитацијата, и жителите во меѓуграничниот регион.

**Директни корисници:** Наставниот кадар во основните училишта, општините во меѓуграничниот регион и учениците во основните училишта.

**Крајни корисници:** Деца со посебни потреби, луѓе со посебни потреби, фамилии на деца и луѓе со посебни потреби и професионалниот кадар во областа на рехабилитацијата.

**Основни активности:** Студија за можностите за рехабилитација на луѓето со посебни потреби, креирање веб-страница, зајакнување на капацитетите на наставниот кадар во училиштата преку обука на наставниот кадар и одржување на работилници, јавна кампања за рушење на стереотипите за луѓето со инвалидност преку радиоогласи, телевизиски огласи, дебатни емисии и тркалезни маси.

**Градежни работи:** Овозможување пристап до училиштата и во училиштата и изградба на соодветна инфраструктура во училиштата опфатени со проектот, и тоа: ОУ „Гоце Делчев" во Виница, ОУ „Браќа Миладиновци" во Пробиштип и ОУ „Св. Кирил и Методиј" во Кочани.

Набавка на соодветна опрема за рехабилитација за ОУ „Ванчо Прќе" во Штип.

Со проектот, исто така, се опфатени и сите горенаведени активности во ОУ „Браќа Миладиновци" и ОУ „Гоце Делчев" во Општина Гоце Делчев.

По завршувањето на презентацијата имаше доста прашања и коментари токму од претставниците на нашите здруженија.

На крајот се заклучи дека ова е почеток за една меѓугранична соработка за заеднички настап и дека треба да продолжи и понатаму со вакви активности бидејќи, секако, се добар чекор за решавање на дел од проблемите со кои се соочуваат лицата со инвалидност.

*Елица Трпковска*



# УЧЕСНИЦИТЕ НА СВЕТСКОТО ПРВЕНСТВО ВО Е-СПОРТ ДОБИЈА ЛАПТОПИ



На 22.9.2011 година во рамките на редовните активности на Сојузот на стопанските комори а во соработка со Кабинетот на претседателот на Република Македонија, ИКТ-комората при Сојузот на стопански комори донираше два лаптопа за учесниците на Светското првенство во е-спорт (електронски спорт) за инвалидизирани лица во Јужна Кореја.

Спроведувајќи ја основната идеја на коморското здружување „Заедно сме посилни", ИКТ-комората при ССК согласно со своите можности обезбеди средства за донација на два лаптопа за учесниците на Светското првенство Томислав Попов и Трајко Ставревски, кои на почетокот на ноември ќе отпатуваат на островот Јеју во Јужна Кореја каде што ќе се одржуваат натпреварите.

„Се надеваме дека овој пример на слични организации од нашиот тип, ќе претставува поттик и начин на кој дополнително ќе дојде до израз хуманоста вградена во секој од нас", изјави при предавањето на лаптопите претседателот на ИКТ-комората, Саша Огненовски.

Претседателот им изрази голема благодарност на членките на ИКТ-комората кои издвоија средства за набавка на лаптопите, и тоа на: „ИТ Глоб", „Сивус", „Сит", „Форнет", „Сива", „Поли Проект", „Анхоч", „Сет копмпјутери", „Интек системи", „Телесмарт-Телеком" и „Компјунет инженеринг".

Здружението на лица со телесен инвалидитет на Скопје „Мобилност Скопје", чии членови се Томислав и Трајко, на донаторите, како и на иницијаторот на оваа активност – Кабинетот на претседателот на Република Македонија – им даде благодарници за покажаната хуманост и поддршка.

На крај, чувствувајќи ја искрената радост на примателите на донацијата, претседателот на ИКТ-комората Огненовски истакна: „Во овој момент можеме да кажеме дека ова претставува само почеток на акциите кои Сојузот на стопански комори на Македонија ќе ги спроведува во иднина".

*С. Прчева*

# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПОПУСТ ПРИ РЕГИСТРАЦИЈА НА ВОЗИЛА ЗА ЧЛЕНОВИТЕ НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ"



На Управниот одбор на Здружението на лица со телесен инвалидитет на Скопје „Мобилност Скопје", одржан на 27.7.2011 година (среда), донесена е одлука за соработка со осигурителната компанија „Евроинс" која нуди попуст од 10% на полиси за регистрација на возила за сите членови на „Мобилност Скопје" кои имаат сопствени возила.

Осигурителната компанија „Евроинс" покрај полисите за регистрација на возила ги нуди следниве услуги: каско-осигурување, патничко осигурување, зелен картон и автоодговорност.

Исто така „Аутомакедонија" нуди 50% попуст на техничкиот преглед за нашите членови кои имаат сопствени возила.

Сите членови на „Мобилност Скопје" кои се заинтересирани за наведениот попуст од 10% можат да се обратат во канцеларијата на Здружението или на телефонскиот број 3115-482.

*Е. Ѓурчиноска*

# БЕСПЛАТНО ПЛИВАЊЕ ВО СЦ „БОРИС ТРАЈКОВСКИ“

Спортскиот центар „Борис Трајковски“ за сите граѓани со одреден вид на инвалидност, нуди бесплатно пливање во базенот. Исто така, нуди и бесплатни часови по пливање во пливачката школа што ја водат осум тренери под раководство на познатата пливачка Наташа Мешковска и други стручни лица. Освен пливањето, лицата со инвалидност во зависност од попреченоста можат да посетуваат и други обуки што се нудат во салата, и тоа во фитнес-центарот, кугларницата, пинг-понг салата, сауната и друго.

Особено важно е што има непречен пристап до објектот, до базенот, до просториите и салите за рекреација и што е најважно има приспособени тоалети.

Според надлежните, базенот во СЦ „Борис Трајковски“ може да се користи секој ден од 9.00 до 11.00 часот а во недела цел ден. Услов за користење на базенот е да се поседува капа за пливање и класичен костим за пливање (не е дозволено користење на базенот во бермуди или панталони до колена), како и членска карта од Здружението. Во понеделник базенот не работи. Според надлежните, бројот на заинтересирани не е ограничен. Придружникот на лицето со инвалидитет не е ослободено од плаќање карта за влез на базенот и таа чини 200 денари.

Другите сали во СЦ „Борис Трајковски“ се на услуга секојдневно од 10.00 часот наутро па сè до полноќ.

За лицата со инвалидност, надлежните подготвуваат уште едно изненадување во вид на гратис-влезници за сите концерти кои ќе се одржуваат во салата на СЦ „Борис Трајковски“.

Објектот на СЦ „Борис Трајковски“ е еден од ретките јавни објекти со приспособени влезови и тоалети за инвалидизирани лица. Исто така, тие се и редок субјект кој за оваа категорија на граѓани нуди можности тие да се почувствуваат дека се рамноправен дел од општеството.

*С. Прчева*



# ДОКТОРОТ ВИ ОДГОВАРА



Многу години поминаа. Вашите размислувања, драги мои читатели, иако беа ретки како една светла точка во темнината. Еден зрак кој доаѓаше од никаде. Во последно време никако да дојде зрак од темнината. Зошто темнина кога може да биде светлина? Зарем толку многу пропаднавте во длабочините на темнината, што ниту една светла мисла не Ве интригира? Започнете како Петар Пан. Тој имаше среќни мисли и тогаш „леташе“. Летањето – сонот на сите е да летаат како птиците. Птиците кои го имаат широкиот хоризонт, при летањето имаат среќни мисли. Летнете и Вие со Вашата светла и среќна мисла, со фантазија која можеби ќе Ви отвори нови хоризонти. Најдете го клучот за отворање на вратите на Вашата фантазија. Ако не можете, побарајте ги пријателите. Пријателите се за тоа. Па пријатели мои јавете се да го побарам заедно клучот за летот во иднината. Јавете се, јас Ве очекувам.

Прим. д-р *Нико Јанков*

**Проф. д-р *Миле Д. Миќуновиќ***

# ПОРНОГРАФИЈА

Зборот *порнографија* е составен од зборовите *порне* – жена што има сексуални контакти со различни мажи, јавни жени (проститутки) и *графо* – пишува. Во стара Грција порнографи биле луѓе што ги разубавувале тие жени. Подоцна поимот ја добил сегашната содржина. Во речниците порнографијата се одредува како: „развратна уметност што на неуметнички начин ја возбудува сексуалноста“; „литература со непристојна, неморална содржина“; „пишување гнасни работи“; „литература, цртежи, снимки, филмови со кои се стреми да се надразне половиот нагон“; „сексуални мотиви предадени на вулгарен начин“; „блудно пишување, блудопис, гнасна литература“ и др.



*Сл. 1 Цртеж што дава можност за сите мечтаења за осамените, „Пропаганда“, „Playboy“*

Порнографијата е „неоправдано и самоцелно покажување на сексуалното, без драмско образложување“, како „евтино скокоткање на примитивните желби со комерцијална цел“. Тука сексуалното и еротичното се поставени во посебно дискриминирана положба. Неоправдано и самоцелно, со комерцијална цел, се покажуваат различни „пикантни особености“ без тие да се казнуваат.

Всушност, тука сосема неправилно на едно кривично правно однесување му се дава природна карактеристика и оценка. Порнографијата не е природна и правна појава, туку кривично дело и така треба да се третира. За „порнографијата“ се зборува во сите европски законодавства, но никогаш не била точно дефинирана.

За да биде порнографијата *престап*, таа треба да оштетува лично или општествено богатство. Според некои автори, порнографијата е опасна зашто може да стимулира полови ексцеси. Порнографските дејствија грубо ги навредуваат моралните чувства и создаваат, особено кај младите, развратна и цинична претстава за интимните односи меѓу половите. За канонското (црковно) право предизвикувањето на половата желба е грев и престап, но штом се зема дека половиот живот е нормална и важна социјална појава за личноста и за општеството, стимулирањето на една таква дејност, активирањето на една природна мотивација не може да се смета за престап. Тоа е како некој да го стимулира и да го предизвикува инстинктот за храна. Без сомнение, некои сметаат дека порнографијата во современата смисла е рожба на западната христијанска култура каде што полот е под забрана. Сексуалното и еротичното се забранува не зашто се повредени некои општествени вредности, туку зашто е недозволено за христијанскиот морал. Во исто време секојдневно во киносалите, на телевизијата и во масовните средства ги преплавуваат гледачите и читателите со ужасни убиства и безмилости без да биде тоа забранувано. Пред 400 години Мишел де Монтен напишал: „За да се уништи човекот, се бара широко светло поле; за да се создаде, се кријат во темни и тесни катчиња. Се смета за должност да се криеш кога го создаваш, а кога го уништуваш – тоа е слава и раѓање на многу добродетели. Едното е срам, другото – чест“.

Поврзувањето на сексот со насилството забележливо дејствува на растот на агресивноста кон жената. Во случаите каде што се поттикнува престапна полова дејност, извршувањето на половиот престап, на половото насилство, нарушувањето на половата слобода и неприкосновеноста на личноста – само таквата стимулација на половата дејност треба да биде призната






Сл. 2 *„Плејбој" списанија што ги красат ѕидовите на собите на младите, кабините на камионџиите... крадејќи воздишки*

за престап. Тие треба да бидат забранети и казнувани според законот.

Порнографијата се дефинира како *претстава на полот, на половата појава и заемните односи преку збор, слика или сцена, што **поттикнува кон престапно полово поведение**, кон дејствија што се оквалификувани од законот за полов престап*. Суштината не е половата содржина на дејствието, туку *поттикнувањето*, поттштрекнувањето кон престапно полово поведение, *подбуцнување* за полов престап.

Порнографијата е престап што подбуцнува кон убиство, кон расна, национална, религиозна омраза, кон војна и други признати законски престапни дејствија. Порнографијата не е и не може да биде уметност. Таа е антиуметност. Секоја уметност е хумана по својата природа, хумано творештво, а порнографијата е антихумана.

Во сите други случаи во кои се третира еротичен или сексуален мотив не се и не можат да бидат престап. Тие или се производ на уметноста – *уметничка еротика* или се *еротографија*. Со лошата, груба, цинична и неморална еротографија треба да се води борба не со силата на законот, туку со зголемувањето на моралната и на природната нетрпеливост и имунитет кон слично творештво.

Порнографијата во јавноста секогаш добро поминува. Затоа е и многу тешко да се отстрани од прометот. Ако се истисне од јавниот промет, таа ќе се јави во илегална трговија. Најчести потрошувачи на порнографски слики и написи се мажи во средна годишна возраст. Порано се сметаше дека со порнографија се занимавале исклучиво мажите. Но поновите сексолошки испитувања укажуваат дека и многу жени се заинтересирани за порнографски содржини. Порано жените ја потиснувале својата половост и го кочеле исполнувањето на сексуалните интересирања. Затоа со порнографијата не се занимавале, иако често тоа тајно го правеле. Паралелно со ослободувањето на женската половост од оковите на патријархалниот менталитет, многу жени отворено го покажуваат својот интерес кон порнографијата.



Во законите во кои под „порнографија" се подразбира и еротографија има нешто парадоксално: „може да се претстави полово општење, но да го нема самиот акт, да нема полови органи во дејството". Но, тоа е лицемерие. Тие, како и оние што ги издаваат забраните, ако не се болни, имаат полови органи и прават однос. Или, да го правиш е добро, разбранувано, но да го гледаш, дури и на екран, е лошо, развратно! А кој и со какво право може да си ја присвојува власта и да ги учи другите и да налага своја претстава за добро и лошо, да презема санкции. Со какво право една група, без да се знае дали е мнозинство, може да налага свои гледишта и разбирања на другите? Не може да има сомнение за гледиштата, за разбирањата и за субјективизмот во проценката што е „гнасно", „вулгарно", „грубо морално чувство", „развратна и цинична претстава".

Во нашиот Кривичен закон („Службен весник", 29 јули 1996 година), во член 193 стои: „Тој којшто на дете ќе му продаде, прикаже или со јавно излагање на друг начин ќе му направи достапни слики, аудиовизуелни и други предмети со порнографска содржина или ќе му прикаже порнографска претстава, ќе се казни со парична казна или затвор до една година. Ако делото е сторено преку средства за јавно информирање, сторителот ќе се казни со парична казна или со затвор до три години..."

# Сотир ЈОНОВСКИ, музичар



**Претставете им се на нашите членови.**

Јас сум **Сотир Јоновски** од Битола, роден сум 1973 година. Уште од раѓање сум со пореметување на ’рбетниот столб – спина бифида. Со оваа маана обично кај луѓето настануваат тешки парализи на долните екстремитети и неподвижност, па обично заболените се во инвалидска количка. Меѓутоа, за моја среќа кај мене ова заболување предизвика инвалидност меѓутоа сум подвижен и самостојно се движам и си ги извршувам скоро сите свои животни активности и потреби.

Како дете претрпев 5-6 операции на нозете и делумно беше успешна операцијата на десната нога така што сега со ортопедски чевли посебно изработени за мене се движам без некои поголеми проблеми и релативно сум доста подвижен без употреба на други ортопедски помагала.

Завршив средно техничко училиште, насока – ниска струја, а потоа се запишав на Техничкиот факултет во Битола но не го завршив високото образование и се откажав од понатамошно школување. По откажувањето од факултетот заминав три години во Австрија кај мои блиски роднини каде што за време на престојот повремено нешто работев, а често свирев на забавите организирани од нашите иселенички клубови формирани во Австрија, главно, во Виена.

Моментално живеам во Битола, вработен сум во Заштитно трговско друштво АД „Металец“ кое изработува шпорети на тврдо гориво. Претседател сум на ОО на Синдикатот на Република Македонија и член сум на Управниот одбор на „Мобилност Битола“.

**Кога започна твојот интерес за музика?**

Мојот интерес за музиката и мојот талент дојде до израз уште на многу мала возраст. Имав 6-7 години кога започнав да искажувам интерес и талент за музиката и свирењето. Од секогаш во основното образование бев најдобар во пеење, музичко и ликовно образование бидејќи имав талент за цртање.

Со оглед на тоа дека потекнувам од сиромашно семејство, немав финансиски можности да го оформам своето музичко образование и да добијам академско образование. Мојата инвалидност, покрај паричните средства, дополнително ме попречи да посетувам средно музичко училиште, бидејќи во тоа време користев ортопедско помагало кое ми беше изработено рачно од моите блиски роднини и едвај се служев за одење на кратки релации. Посетата на наставата беше отежната бидејќи пешки не можев да одам до училиште, мојот татко кој е возач не беше во можност секојдневно да ме носи и да ме враќа до и од училиштето, а немав доволно пари да користам такси-превоз. Така пропадна можноста да го развијам мојот талент во соодветно училиште.

Моите родители не беа во можност да ми купат музички инструмент и првиот синтисајзер го добив како подарок од мојот вујко кој го забележа мојот талент и големата љубов кон музиката.

**Дали сегашното познавање на музичката уметност е исклучиво со твој труд и талент?**

Да. Сè што знам од музиката самиот го научив свирејќи по слух а благодарение на мојата голема талентираност и упорност во работата и вежбањето. На 16-годишна возраст се приклучив во тогаш новоформираната група „Златни прсти“ каде што свирев на синтисајзер а набавив и една хармоника, па повремено свирев и на хармоника.

Од 1995 година се приклучив кон рок-групата „Сан принс“ и со таа група учествував и на рок-фестивали.

**Кога и како пристапи кон Здружението на телесните инвалиди?**

Дека постои некое Здружение на телесни инвалиди прв пат слушнав од покојниот наш член Благој Стерјовски кој во една пригода забележа дека сум телесно инвалидизирано лице, ми пријде, се запознавме и ми кажа дека има такво здружение. Меѓутоа, и покрај тоа, јас сè уште не бев пристапен како редовен член на „Мобилност Битола, Демир Хисар и Ресен“ сè додека во една пригода на работа, мојот колега, инаку, тапанар во КУД „Феникс“ и телесен инвалид, Трендафил Јовановски, не ме покани да дојдам и да се зачленам зошто им требал клавијатурист во групата. Од 1999 година станав редовен член на Здружението и од истиот момент и член на КУД „Феникс“. Од тогаш до денес, учествував на сите „Музички средби“ на лицата со телесен инвалидитет на Македонија.

По повлекувањето од активното свирење на нашиот музички водач Томче Најдовски ме поставија како одговорен за составот и од тогаш се грижам за сите настапи на КУД „Феникс“ и за одржување на музичките инструменти.

**Во последно време е забележливо твоето учество на музичкиот фестивал во Поморје, Република Бугарија. Кажете ни нешто за тој фестивал?**

Во Поморје, Република Бугарија, секоја година се организира музички фестивал на лица со инвалидност. Овој фестивал е од меѓународен карактер и присуствуваат музичари-инвалиди од повеќе европски држави меѓу кои и од Република Македонија.

Прв пат учествував на овој фестивал пред три години по покана на Николчо Делов од Кавадарци, инаку, тапанар во КУД „Феникс“.

**Каква е концепцијата на овој фестивал?**

Фестивалот нема натпреварувачки карактер и е составен од два дела, и тоа забавен дел и фолклорен дел. Секоја држава има определен термин за свој настап и претставување, а музиката сами ја одбираме, пред сè, раководејќи се од желбата за што подобро претставување на државата од која потекнуваме со нејзиниот фолклор и музиката од нашето поднебје.

Фестивалот се одржува на плоштадот во Поморје пред многу голем број граѓани. На фестивалот присуствуваа неколку илјади граѓани и туристи, бидејќи не се наплаќа влезница и пристапот е слободен и неограничен.

**Покрај музиката што друго е значајно од овој фестивал?**

Значајно, пред сè, е дружењето со голем број музичари-инвалиди од голем број европски држави, разменуваме искуства, го запознаваме градот, неговата култура и знаменитостите. Пријателствата што таму ги стекнавме се одржуваат и едвај чекаме следна можност за пак да се сретнеме и видиме.

**Кои членови годинава беа присутни на фестивалот и која програма ја исполнивте?**

Јас свирев на клавијатури, а покрај мене беа присутни Николчо Делов на тапани и солист, а Севдет Сејфулов свиреше на дувачки инструменти. Солоизведувач оваа година беше Зорица Гочева од Скопје. Исполнивме две народни македонски песни и едно македонско оро.

**Имате ли некое хоби и што друго Ве интересира?**

Многу ме интересира автомобилизмот и имам голема литература од таа област од која стекнав големи познавања за скоро сите марки на автомобили и нивните карактеристики. Ги следам со големо внимание сите новитети од оваа област. Исто така, многу се интересирам и за електрониката, што ми е и струка, и ги следам сите новитети особено најновите трендови во музичките инструменти.

Слободното време го користам за читање на разна литература, а многу ме интересираат психолошки и парапсихолошки теми. Бидејќи сум голем верник од православна вероисповед, многу читам книги и од оваа област и сум добро упатен во православието и се трудам да живеам во тој дух и согласно со таа филозофија.

**Кои се твоите планови за во иднина?**

Сакам во иднина, доколку сум во можност, да посетам што повеќе странски држави и да се запознаам со луѓето во тие земји, со нивната култура и знаменитости. Од секогаш сум шетал низ разни европски држави и се надевам дека во иднина ќе имам можност оваа моја желба да ја реализирам во поголем обем.

*М. Фидановски*

# ОД АКТИВНОСТА НА НФСРИМ-МПК



***Учество на нашите пингпонгари на Европско првенство***

Деновиве, поточно од 20.10.2011 до 29.10.2011 година се одржа Европското првенство во пинг-понг во Сплит, Хрватска. НФСРИМ-МПК на првенството настапи со тројца пингпонгари од кои за Страшко Коцевски од Куманово, кој наедно е и селектор на македонската репрезентација и за Рубинчо Ристески од Прилеп обезбеди спонзорство од страна на Хрватскиот параолимписки комитет, а третиот натпреварувач, Томи Јаневски од Скопје, лично си обезбеди целосно спонзорство од градоначалникот на Општина Карпош.

Нашите натпреварувачи ги завршија борбите во поединечна конкуренција уште во фазата по групи освојувајќи ги последните места во своите групи. Натамошен пласман обезбедуваа првопласираните двајца натпреварувачи од секоја група.

Томи Јаневски играше во класа 7 во група со четири натпреварувачи: Јохан Волмарт од Германија, Максим Николенко од Украина и Јари Авинен од Финска и сите натпревари ги загуби со 3:0.

Рубинчо Ристески играше во класа 8 во група со три натпреварувачи: Андраш Цонка од Унгарија, Зеев Гликман од Израел и сите натпревари ги загуби со 3:0.

Страшко Коцевски играше во класа 10 во група со четири натпреварувачи: Хохе Маркез Кардона од Шпанија, Ким Дејбел од Велика Британија и Игор Миштал од Полска и сите натпревари ги загуби со 3:0.

Остануваат уште борбите во екипна конкуренција во која ќе настапат Рубинчо Ристески и Страшко Коцевски во класа 10, меѓутоа, познавајќи ја конкуренцијата, не се очекува некој особен успех.

Како и да е, првенството им послужи на нашите натпреварувачи да стекнат искуства и, пред сè, да настапат со најдобрите европски пингпонгари. Очигледно е дека селекторот ќе треба да направи добра анализа на состојбите во пингпонгот во Европа и кај нас и да се изнајде метод со кој квалитетот на нашите натпреварувачи во овој спорт ќе му се приближи на европскиот квалитет.

***Остварен прием кај новиот директор на Агенција за млади и спорт, Лазар Поповски***

Претседателот и генералниот секретар на НФСРИМ-МПК на 17.10.2011 година оствария работна средба со новиот директор на Агенцијата за млади и спорт, Лазар Поповски. На наше големо задоволство, овојпат бевме поштедени од потребата за претставување бидејќи и директорот и нашиот претседател се повеќекратни олимпијци, долгогодишни пријатели и соработници. Во разговорот беше потенцирана потребата службата на Агенцијата конечно да го дефинира статусот на нашите спортисти Вангел Жабев и Митко Фидановски во однос на стекнувањето на правото на национално спортско признание. Понатаму разговаравме за текот на подготовките на нашите евидентни и потенцијални параолимпијци за Параолимписките игри во Лондон 2012 година и нужната потреба од набавка на малокалибарска муниција без која не може да се реализираат програмските задачи на стрелците кои се сериозни кандидати за освојување медал. Беше договорено да се обратиме со писмено барање во кое ќе ја образложиме потребата од набавката на муницијата, а директорот ќе се обиде да помогне во реализацијата на барањето. Исто така, од страна на нашиот претседател беа дадени сугестии за изработка на посебен Правилник за еднократно наградување на спортистите за освоени медали и високи пласмани на официјални натпревари по урнекот на некои држави од регионот со напомена дека би било добро доколку истиот се изработи и да се обја-

АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ



ви најмалку шест месеци пред започнување на Параолимписките игри во Лондон. Поради намалување на трошоците во тренажниот и натпреварувачкиот процес, да се разгледа можноста за враќање на данокот за набавена спортска опрема која е услов за учество на спортски настани. На крајот од средбата беше договорено секој трет понеделник да имаме работна средба со директорот на Агенцијата на која тековно ќе ги решаваме прашањата и потребите на спортистите со инвалидност.

### *Подготовки на репрезентацијата во стрелаштво*

Македонската репрезентација во стрелаштво за инвалиди во состав: Бранимир Јовановски, тренер и стрелец, Ванчо Каранфилов и Оливера Наковска-Бикова, стрелци, и Далибор Јовановски, асистент и помошник-тренер од 9.11.2011 до 21.11.2011 година ќе учествува на Свесткиот куп во стрелаштво што ќе се одржи во Сиднеј, Австралија. Овој Светски куп е последна можност за стекнување со директна квота за учество на Параолимписките игри во Лондон 2012 година. Со оглед на тоа дека Оливера Наковска-Бикова веќе освои квота, шансата ќе ја бркаат другите наши двајца спортисти. Подготовките на спортистите не одат со планираниот тек, пред сѐ, поради недостаток на малокалибарска муниција, меѓутоа, и поради недостаток на средства за издвоени повеќедневни подготовки. Стрелците тренираат секојдневно со максимален интензитет (освен во малокалибарските дисциплини), Оливера Наковска-Бикова патува за Прилеп на тренинзи, а Бранимир Јовановски и Ванчо Каранфилов тренираат на стрелиштата во Скопје.

Како и да е, очекуваме да слушнеме убави вести од далечниот Сиднеј и можност нашите спортисти да освојат барем уште една директна квота за Лондон.

### *Учество на Светското првенство во електронски спортови во Кореја*

Нашите членови Томислав Попов и Трајко Славевски од Скопје предводени од генералниот секретар на НФСРИМ-МПК требаше од 20.9.2011 до 25.9.2011 година да учествуваат на Светското првенство во електронски спортови во Јужна Кореја. Нивното учество е врз база на целосна донација од организаторот, освен трошоци за визирање на патните исправи и за зајакната исхрана кои се на наш товар. Поради одредени потешкотии организаторот го одложи првенството и објави нов термин од 1.5.2011 до 5.11.2011 година. Со оглед на тоа дека до заклучувањето на овој број на списанието сѐ уште не се добиени авионските билети за нашите учесници, останува да се надеваме дека нема да има повторно одложување на првенството и дека нашите натпреварувачи ќе заминат на пат во договорениот термин.

*Б. Јовановски*



# ОДРЖАНО 23-ТО ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО ШАХ ЗА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ





На 29 и 30 октомври 2011 година во хотел „Цар Самуил“ во с.Банско, Струмица, беше одржано дваесет и третото државно првенство во шах за лицата со телесен инвалидитет на Македонија во организација на Национален сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија - Мобилност Македонија и Националната федерацијата за спорт и рекреација на инвалидите на Македонија - Македонски параолимписки комитет. Првенството се играше по Швајцарски систем во седум кола, викенд правила на ФИДЕ, со темпо на игра – 30 минути по играч. За победниците при ист број на поени решаваа подобар прогрес, потоа бухолц, број на победи – по приоритет.

Медалите на првопласираните три натпреварувачи им ги додели претседателот на Мобилност Македонија. Согласно пропозициите, првопласираните 10 натпреварувачи директно се пласирани за следното 24-то државно првенство во шах за лицата со телесен инвалидитет на Македонија, додека последните 5 натпреварувачи го губат правото на настап за следното државно првенство.

*Б.Јовановски*

На првенството беа постигнати следните резултати:

| Место | Име и Презиме | Град | Поени | Прогрес |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Јанчо Ѓорѓевски | Куманово | 6.0 | 25.0 |
| 2 | Ристо Фотевски | Скопје | 5.5 | 19.0 |
| 3 | Живко Станковски | Куманово | 5.0 | 23.0 |
| 4 | Билал Биберовиќ | Велес | 5.0 | 22.0 |
| 5 | Мирослав Бучевски | Скопје | 5.0 | 21.0 |
| 6 | Горан Војновски | Кочани | 4.5 | 22.5 |
| 7 | Атли Горенца | Дебар | 4.5 | 16.0 |
| 8 | Наум Абов | Скопје | 4.5 | 15.0 |
| 9 | Трајко Илијоски | Прилеп | 4.0 | 18.0 |
| 10 | Тоде Арсов | Штип | 4.0 | 16.5 |
| 11 | Илија Стојановски | Прилеп | 4.0 | 12.0 |
| 12 | Адем Неби | Скопје | 3.5 | 15.0 |
| 13 | Љупчо Филипов | Кочани | 3.0 | 15.0 |
| 14 | Васе Коцевски | Скопје | 3.0 | 13.0 |
| 15 | Благој Петровски | Велес | 3.0 | 12.5 |
| 16 | Блажо Саздов | Кавадарци | 3.0 | 12.0 |
| 17 | Хакија Мекиќ | Скопје | 3.0 | 11.5 |
| 18 | Буран Бала | Дебар | 3.0 | 10.0 |
| 19 | Даниел Нуневски | Охрид | 3.0 | 6.0 |
| 20 | Добрин Димитров | Радовиш | 2.5 | 10.0 |
| 21 | Стеван Цветановски | Битола | 2.0 | 8.0 |
| 22 | Кирило Гечев | Кавадарци | 1.0 | 7.0 |
| 23 | Дејан Јанков | Струмица | 1.0 | 4.0 |
| 24 | Енвер Шерифовски | Кичево | 1.0 | 2.0 |



# ОДРЖАНО ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО АТЛЕТИКА 2011 ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА НФСРИМ-МПК

На 18.9.2011 година на градскиот стадион во Велес се одржа Државното првенство за лица со инвалидност во атлетски повеќебој во организација на Националната федерација за спорт и рекреација на инвалидите на Македонија – Македонски параолимписки комитет. Натпреварите се одржаа во фрлачки дисциплини во повеќе категории на лица со инвалидност со учество на осумнаесет натпреварувачи. Единствено не се одржаа натпревари во категоријата мажи и жени класи 51-58 поради недоволно пријавени спортисти. На првенството присуствуваше и селекторот на македонската репрезентација во атлетика за лица со инвалидност, Крсто Серафимовски.

По завршувањето на натпреварите беа сумирани резултатите согласно со меѓународната таблица на споени категории и се доби следниот редослед:

**Мажи телесна инвалидност класа 42-46**

| Име и презиме | Класа | Град | Ѓуле | Диск | Копје | Вкупно поени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Александар Талески | Ф46 | Нов Дојран | 9,95 | 25,85 | 32,52 | 1622 |
| 2. Митко Орданов | Ф44 | Кавадарци | 9,1 | 24,77 | 25,69 | 1498 |
| 3. Савре Бојковиќ | Ф44 | Куманово | 8,34 | 23,86 | 22,45 | 1374 |
| 4. Васко Стефановски | Ф42 | Битола | 6,63 | 19,07 | 19,6 | 1312 |
| 5. Имер Сефери | Ф44 | Скопје | 8,18 | 21,17 | 21,19 | 1291 |
| 6. Ванчо Каранфилов | Ф42 | Скопје | 6,47 | 18,01 | 20,04 | 1285 |

**Жени телесна инвалидност микс**

| Име и презиме | Класа | Град | Ѓуле | Диск | Копје | Вкупно поени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Нада Цветковска | Ф46 | Куманово | 7,58 | 16,89 | 17,39 | 1499 |
| 2. Лилјана Мицовска | Ф46 | Кочани | 7,16 | 16,86 | 13,71 | 1363 |
| 3. Лидија Успрцова | Ф42 | Штип | 4,65 | 12,16 | 10,11 | 1242 |
| 4. Олга Ристовска | општа | Скопје | 4,72 | 12,47 | 10,1 | 960 |

**Мажи слепи и слабовидни класа 11-13**

| Име и презиме | Класа | Град | Ѓуле | Диск | Копје | Вкупно поени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Тихомир Шопкиќ | Ф13 | Скопје | 8,05 | 21,05 | 25,55 | 1360 |
| 2. Аки Арифовски | Ф11 | Куманово | 6,83 | 18,28 | 12,54 | 1197 |
| 3. Коце Димов | Ф11 | Скопје | 5,81 | 14,25 | 10,42 | 981 |
| 4. Добре Ѓорѓиески | Ф11 | Прилеп | 6,25 | 11,46 | 0 | 732 |

**Мажи глуви и останати**

| Име и презиме | Класа | Град | Ѓуле | Диск | Копје | Вкупно поени |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Фадил Асанов | глуви | Велес | 7,92 | 24,37 | 27,64 | 1390 |
| 2. Рифат Шаљиќ | глуви | Велес | 8,15 | 21,79 | 21,58 | 1259 |
| 3. Сашо Димов | останати | Штип | 7,33 | 20,65 | 25,95 | 1257 |
| 4. Момчило Иванов | останати | Кочани | 8,18 | 16,98 | 23,12 | 1197 |



На победниците од страна на селекторот и генералниот секретар на НФСРИМ-МПК им беа врачени медалите.

*Б. Јовановски*

# ОДРЖАНО ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО ПИНГ-ПОНГ 2011 ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА НФСРИМ-МПК



На 16.10.2011 година во спортската сала на рекреативниот центар „Сонце“ во Прилеп се одржа Државното првенство за лица со инвалидност во пинг-понг во организација на Националната федерација за спорт и рекреација на инвалидите на Македонија – Македонски параолимписки комитет. Натпреварите се одржаа во фрлачки дисциплини во повеќе категории на лица со инвалидност со учество на 18 натпреварувачи. На првенството присуствуваше и селекторот на македонската репрезентација во пинг-понг за лица со инвалидност, Страшко Коцевски. Тројца наши натпреварувачи, Страшко Коцевски од Куманово, Рубинчо Ристески од Прилеп и Томи Јаневски од Скопје, благодарение на донацијата што ја обезбеди претседателот на НФСРИМ-МПК за двајца натпреварувачи од страна на домаќинот – Хрватскиот параолимписки комитет, како и спонзорството од Општина Карпош од страна на Томи Јаневски, на 19-ти октомври заминуваат на Европското првенство во пинг-понг што ќе се одржи во Сплит, Хрватска, така што овој натпревар беше последна проверка на формата на нашите натпреварувачи.







По завршувањето на првенството се доби следниот редослед:

**Мажи телесна инвалидност класа 1-5**

1. Трајче Стојановски – Скопје
2. Ристо Фотевски – Скопје
3. Муштеба Амети – Охрид
4. Зоран Јовановски – Струмица

**Жени телесна инвалидност класа 6-10**

1. Лилјана Мицовска – Кочани
2. Олга Ристовска – Скопје
3. Снежана Танеска – Охрид
4. Магдалена Делова – Кавадарци

**Мажи класа 6-8**

1. Рубинчо Ристески – Прилеп
2. Тома Јаневски – Скопје
3. Марјан Зафировски – Скопје
4. Николчо Мицовски – Кочани
5. Васко Стефановски – Битола

**Мажи класа 9-10**

1. Страшко Коцевски – Куманово
2. Александар Димоски – Прилеп
3. Дејан Алексовски – Скопје
4. Димитар Илиевски – Скопје

**Мажи глуви и останати**

1. Славе Арабациев – Скопје
2. Зоран Мидоски – Прилеп
3. Горан Чакмаковски – Скопје
4. Мартин Ангелов – Битола
5. Мустафа Бекировски – Куманово

На победниците од страна на селекторот и генералниот секретар на НФСРИМ-МПК им беа врачени медалите.

*Б. Јовановски*





# СКУТЕРИ ЗА ИНВАЛИДИ – ГОЛЕМА ПОМОШ ПРИ ДВИЖЕЊЕТО

Подолго време се подготвував да ја посетам продавницата на Центарот за ортотика и протетика „Славеј“ во Битола. Но, еве дојде и тој ден. Во продавницата ме пречека насмеаното лице на Верче, моја познајничка од порано која ме запозна со нивниот асортиман. В очи ми падна една новина која не ја имав видено во другите продавници за ортопедски помагала. Тоа беше инвалидската електромоторна количка (скутер).

Да се купи од сопствени средства за едно инвалидизирано лице е скапо. Но, ми кажа дека може да се набави преку Фондот за здравствено осигурување за лице кое е во работен однос, или врши дејност врз основа на која е осигурено, како и на децата кои се на редовно школување до 18, односно 26-годишна возраст. Друг услов е ако поради функционалниот статус на рацете и нозете не може активно да покренува количка на рачен погон и ако Лекарската комисија на Фондот оцени дека е способно, сигурно и самостојно да ја управува.

Бидејќи ги исполнувам сите услови почнав да ги прибирам документите. Прв чекор беше да обезбедам потврда за право на електромоторна инвалидска количка. Со упат од мојот матичен доктор, се упатив во Клиничката болница во Битола. Се подразбира, како и секој член секогаш се обраќаме кај нашиот претседател примариус д-р Нико Јанков. Секогаш кај него имаме полно разбирање и ќе ни ја заврши работата во целост, ќе ни обезбеди потписи од други колеги и сè што е потребно. Затоа едногласно е избиран повеќепати за претседател на „Мобилност Битола, Ресен и Демир Хисар“.

Правото на електромоторна инвалидска количка се утврдува врз основа на потврда потпишана од двајца лекари специјалисти, од кои **едниот** *со специјалност по физијатрија или ортопедија*, **другиот** со *специјалност по физијатрија, ортопедија, неврологија, невропсихијатрија или хирургија.*

Дијагнозите се исти како и кај собната инвалидска количка, за лица со потежок телесен инвалидитет, за лице што е на школување или е во работен однос (член 28 од Правилникот). Користењето на електромоторната инвалидска количка е 60 месеци. Ан-



**Карактеристики на инвалидската електромоторна количка (скутер)**

| Спецификација | модел FUTURE (LY-EW415) |
|---|---|
| Број на тркала | 4 |
| Висина од земја | 12 см |
| Должина | 152 см |
| Ширина | 72 см |
| Сила на моторот | 450Wx24Vx1PCS |
| Сопирачки | Магнетни сопирачки |
| Батерија | 50AHx12Vx2PCS |
| Полнач | AC115/230, DC24V, 5Amp |
| Опсег (со едно полнење) | 40-45 км (на рамен пат) |
| Совладува висина | 12 |
| Максимална брзина напред | 12 км/ч |
| Максимална брзина назад | 6 км/час |
| Максимална носивост | 150 kgs |
| Тежина без батерија | 86 kgs |
| Батерија | 29 kgs (14.5kgsx2 парчиња) |

(информации на http://www.comfort-mobility.com/?unit=product&cid=139&id=430)

тидекубитус перниче кое се добива со скутерот има исто така рок на користење од 60 месеци за пациенти постари од 18 години.

Обезбедив потврда дека сум во редовен работен однос. Комлетната документација ја доставив до Првостепената лекарска комисија на Фондот за здравствено осигурување во Ресен. Барањето ми беше одобрено, со врвен професионализам на членовите на Комисијата и вработените на Фондот.

Го нарачав помагалото во Центарот за ортотика и протетика „Славеј“ во Битола. Скутерот е произведен во Тајван и треба да стигне во рок од 30 дена. Вработените во „Славеј“ покажаа врвен професионализам и скутерот ми беше донесен во предвидениот рок и до мојот дом.

Скутерот е производ на реномираниот производител на ортопетски помагала „Комфорт“ од Тајван. Користењето е многу едноставно. Се придвижува со рацете со две рачки: десната (црна) е за напред, а левата (црвена) е за назад. Брзината се регулира со потенциометар со симпатични ознаки: желката е најбавно, а зајакот најбрзо. Има прекинувач за трепкач за лево и десно и прекинувач за свирка. Има сигнален екран за степенот на исполнетост на батеријата. Кога скутерот се движи назад се слуша предупредување со силен звук. За движење ноќе има светло. Има два ретровизора и напред кошничка за носење товар до 3 кг. Седиштето може да се движи во лево или десно, да се приспособи за седење според желбата на корисникот.

Движењето е на електрична енергија. Не ја загадува животната средина и е бесшумно. Се полни со полнач кој се добива со скутерот на монофазна струја. Јас го полнам еднаш на седум дена и со едно полнење може да помине 40 км на рамен пат. Поголема е потрошувачката ноќе кога е вклучено светлото.

Инвалидската електромоторна количка (скутер) многу го олеснува животот на секое инвалидизирано лице. Сега без проблем можам да одам на работа избегнувајќи го метежот и без да мислам дали ќе најдам паркинг. Можам да ги извршувам сите неопходни работи: пазарење, спортски и културни настани, излегување... Единствен проблем се архитектонските бариери и паркираните автомобили на тротоари, но со малку повеќе заобиколување се совладуваат.

Ова е мојата позитивна приказна за коректниот однос на многу луѓе кон нас инвалидите за што им се заблагодарувам. Се надевам дека вакви приказни ќе има уште во иднина.

*Кочо Настевски*

# НАСМЕВНИ СЕ...

**Што знам за тебе?**

1. Имаш компјутер.
2. Имаш мобилен телефон.
3. Го читаш ова.
5. Ти си момче или девојче.
6. Не забележа дека четворката ја нема.
7. Погледнуваш кон четворката.
8. Леле... Каде е двојката?
9. Погледнуваш кон двојката... сфаќаш дека се зезав.
10. Се смееш!

**Ќе го фрлиш ли ѓубрето?**

Маж бил кај својата љубовница. Само што започнале, некој заѕвонил на вратата:

– Мажот ти! Што ќе правиме сега?

– Смирено, јас ќе средам! – рекла жената.

Ја отворила вратата и му ја дала ќесата со ѓубре на својот маж:

– Драги, фрли го ѓубрето.

Мажот се вратил да го фрли ѓубрето а за тоа време човекот избегал.

Одејќи си дома, размислувал „Колку убава и колку паметна жена“.

Стигнал дома и на вратата жена му го пречекува со една ќеса ѓубре:

– Драги, ќе го фрлиш ли ѓубрето?

Додека го носел ѓубрето размислувал „Не само што е грда, туку е и дрска“.



**Внимавај на море!**

Татко го испраќа својот син на одмор. Синот прв-пат оди на море. Пристигнале од селото до железничката станица. Таткото го советува својот син:

– Синко, многу да внимаваш таму.

– Зошто, татко?

– Ти не знаеш таму на морето какви можат да бидат жените.

– Какви, тате?

– Многу расипани. Ако не внимаваш, ќе донесеш некоја заразна болест дома. Ќе ја заразиш својата жена. Таа ќе ме зарази мене. Јас без да знам ќе ја заразам и мајка ти. А ти знаеш каква е мајка ти, ќе изумре цело село.

**Испит**

Полага студентот испит. Професорот цело време се ниша на столот додека студентот зборува. Одеднаш столот се крши и професорот треснува на подот. Студентот не издржал и се насмеал слатко. Професорот станува и додека ги чисти алиштата му вели на студентот:

– Ех, колега, денес двајцата паднавме!

**Песна**

Хасо го прашува Мујо:

– Зошто секогаш седиш на прозорец додека твојата Фата пее?

– За да не помислат луѓето дека ја тепам!

**Телефонски повик**

Некаде во ноќта ѕвони телефонот дома.

Мажот: „Ако е за мене кажи дека не сум тука!“

Жената одговара на повикот и вели: „Тој е дома!“

Мажот: „Ама што ти стана?“

Жената: „Повикот беше за мене!“

**Теорија на релативноста во практика**

1. **Наутро**: Се разбудуваш, погледнуваш на часовникот: 7.30 часот. Отспиваш 5 минути. Се разбудуваш и повторно погледнуваш во часовникот: 8.30 часот!

2. **На работа**: Погледнуваш на часовникот: 13.00. Работиш 20 минути. Повторно погледнуваш на часовникот: 13.02 часот!

3. **Навечер**: Одиш на секс, погледнуваш на часовникот: 22.30 часот. Се сексаш еден час. Повторно погледнуваш на часовникот: 22.40 часот!

**Седумте чуда на социјализмот**

1. Секој беше вработен.

2. Иако секој беше вработен, никој ништо не работеше.

3. Иако никој ништо не работеше плановите се исполнуваа со 100%.

4. Иако плановите се исполнуваа со 100% , продавниците беа празни.

5. Иако продавниците беа празни, секој имаше сѐ што му треба.

6. Иако сите имаа сѐ што им треба, сите крадеа.

7. Иако сите крадеа, никогаш ништо не недостасуваше.

**Дваесетгодишни девојки**

Разговараат двајца старци:

– А бе Трпе, кога имаше 20 години, одеше со 20-годишни девојки. На 50 години одеше со 20-годишни девојки. Сега си 93 години и пак одиш со 20-годишни девојки. Како ти успева?

– И 500 години да имам, 100 евра се 100 евра.

**Пијани студенти**

Двајца студенти се напиле по една чашка повеќе и утрото кога се разбудиле едниот решил да се пошегува со другиот:

– 1:0 за мене...

– Зошто?

– Сношти бев толку пијан што те опнав по грешка...

На другиот му се згрозило, но што да прави – ништо не се сеќавал па замолчел.

По некое време дејството се повторува и утрото другиот студент вели:

– 1:1...

– Како бе 1:1?

– Синоќа и јас те опнав.

– Ти луд ли си бе! Јас се шегував!

Другиов се замислил малку и рекол:

– 1:0 тогаш...

*Митко Фидановски*



# ПОДГОТВЕТЕ СЕ ПРЕД ИНВАЗИЈАТА ОД НАСТИНКИ И ГРИПОВИ



Пред почетокот на секоја зима стравуваме од настинки и грипови, зашто за нив нема вистински лек. Со вистинскиот избор на храна и додатоци на исхраната ќе го направите вашиот одбранбен механизам подготвен да ги пречека вирусите и бактериите. Сепак, никако немојте да ги заборавите сите мерки на заштита, почнувајќи од вакцините против грип, сувата и соодветна облека и чевли.

Што може да ни помогне да останеме на нозе? Апсолутна предност имаат течностите, особено пилешката супа, која го поттикнува лачењето на слуз и го скратува задржувањето на вирусите на слузницата. Вирусите заедно со течностите доаѓаат во желудникот каде што ги пречекуваат пеколни услови за преживување – солна киселина и други сокови за варање.

За големите дози на витамини и минерали не е докажано дека го зајакнуваат имунитетот, но, сигурно е дека нивниот недостаток ќе го загрози Вашиот одбранбен систем.

И грипот и настинката се вирусни болести. Многумина ќе кажат дека се грипозни иако, всушност, ги нападнал некој од 200-те вируси кои предизвикуваат обична настинка. Макар што и настинката е здодевна и никој не сака да шмрка, да му тече носот и да има други непријатности, грипот е, сепак, многу полош и повеќе соборува. Табелата ќе ви помогне да дознаете што ве мачи.

Правилниот режим на исхрана со внимателно одбрани продукти ќе го намали времето за боледување. Дневното потребното количество на **протеини** ќе го обезбедите со консумирање на 150-200 грама пилешко месо или риба за жени, односно 170-250 грама за мажи.

**Витамините А и Б6** ќе ги обезбедите со внесување на црвено или портокалово овошје или зелен листест зеленчук во сите дневни оброци.

**Витаминот Е** ќе го обезбедите со внесување на кикиритки, маслиново масло, бадеми, лешници или сончогледови семки.

**Железо, цинк и витамин Б12** ќе обезбедите преку внесување на дневна доза мултивитамински додаток во исхраната (таблети).

*С. Прчева*

| **Симптоми** | **Настинка** | **Грип** |
|---|---|---|
| Болеста почнува | постепено | нагло |
| Температура | ретко | висока 38-40 трае со денови |
| Главоболка | ретко | јака |
| Болки | незначителни | редовни, чести и јаки |
| Замор и слабост | многу малку | и до две недели |
| Исцрпеност | никогаш | веднаш и многу јака |
| Затворен нос | често | понекогаш |
| Кивање | вообичаено | понекогаш |
| Болно грло | скоро секогаш | понекогаш |
| Кашлање, стегање во гради | благо до умерено | често, може да стане сериозно |
| Компликации | проблеми со синуси | бронхитис, воспаление на плуќата |
| Превенции | нема | вакцина, антивирусни лекови |
| Лекување | олеснување на симптомите | олеснување на симптомите |

# НАГРАДНА ИГРА

Наградното прашање од минатиот број на весникот гласеше:

**Оваа година „Музичките средби“ на лицата со телесен инвалидитет ќе се одржат на 1.10.2011 г. во Банско, Струмица, под покровителство на Министерството за култура. Кои по ред се овие „Музички средби“?**

Точниот одговор на ова наградно прашање гласи: **XVII-ти по ред**.

Иако, поставеното прашање е релативно многу лесно, на адреса на „Мобилност Македонија“ пристигнаа само 24 писма со одговор, од кои 18 се пратени од Велес, едно од Скопје, три од Штип, едно од Кавадарци и едно писмо од Злетово. Тоа, всушност, ја потврдува досегашната практика дека Велешани се најзаинтересирани за учество во наградната игра, и со право тие до сега се најчестите корисници на наградата – викенд за две лица во хотел „Цар Самуил“ во Банско, Струмица, со платени трошоци за превоз во висина на автобуска карта.

На седницата на Уредувачкиот одбор на весникот „Феникс 86“ одржана на 21.10.2011, среќниот добитник го извлече Митко Фидановски, еден од уредниците на весникот. Несреќна среќа (ако таква постои) имаше Тони Шишевски од Кавадрци чиј коверт беше прв извлечен, но со погрешен одговор. Тони одговорил: „Квизот во знаење се одржува по 17-ти пат“, а прашањето се однесуваше на „Музичките средби“, нели?

При вториот обид на извлекување на наградата, најмногу среќа и точен одговор имаше **Елизабетка Павлова од Штип.**

Донатори на оваа награда се сопствениците на хотелот „Цар Самуил“ во Банско, Струмица. Среќниот добитник сите потребни информации поврзани со реализацијата на наградата ќе ги добие од генералниот секретар на „Мобилност Македонија“ на телефонскиот број 3211-280.

Наградното прашање за овој број на весникот гласи:

**Колку години постоење и работа одбележува Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија „Мобилност Македонија“ на 4.12.2011 година?**

Мислиме дека одговорот на ова прашање не е тежок, но малку ќе Ви помогнеме со тоа што ќе Ви кажеме дека треба само да го читате весникот „Феникс 86“ и ќе го дознаете одговорот.

Вашите одговори на прашањето праќајте ги во затворен коверт на адреса „Мобилност Македонија“ на ул. 11 Октомври бр. 42 а – Скопје, со назнака за наградната игра, најдоцна до 15 декември 2011 година.

Право на учество имаат само редовните членови на „Мобилност Македонија“. Наградата е непреносилива, односно може да ја користи само оној што ја освоил.

Почитувани читатели, Вие кои го знаете одговорот на наградното прашање и кои сте оптимисти па верувате во својата среќа, земете учество во наградната игра. Со тоа не можете да загубите ништо, а можете да добиете можност, заедно со својот придружник, да си поминете еден прекрасен викенд во бањата Банско во Струмица.

*С. Прчева*



# ОРТОПЕДСКИ ПОМАГАЛА О.М.Р. дооел БИТОЛА

****** ДВЕ ЛОКАЦИИ ВО БИТОЛА И ПРИЛЕП ******





**Прилеп-ул.Кузман Јосифоски бр.70**

**Тел: 048/410-472 Мобилен 071/368-310**

**Битола-Петар Његош бр.5 (позади саатот)**

**Тел: 047/256-537 Мобилен 070/207-391**

****** ДОГОВОР СО ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ ******





## ОРТОПЕДСКИ ПОМАГАЛА :

*** ОРТОЗИ (НАДКОЛЕНИ, ПОДКОЛЕНИ, ГОРЕН ЕКСТРЕМИТЕТ И РБЕТЕН СТОЛБ) ***

*** ИНВАЛИДСКИ КОЛИЧКИ И ДОДАТОЦИ, ПАТЕРИЦИ, БАСТУНИ И ДУБАЦИ ЗА ОДЕЊЕ ***

*** ПОЈАСИ, ЧОРАПИ ЗА ВЕНИ, ВЕШТАЧКА ДОЈКА И ПЕЛЕНИ ЗА ЕДНА УПОТРЕБА ***











o.m.r.bitola@gmail.com o.m.r.orto@gmail.com o.m.r.biomaterijali@gmail.com














MK-EU










НАЦИОНАЛЕН СОЈУЗ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА
МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА
XVII
РЕПУБЛИЧКИ КВИЗ НАТПРЕВАР
НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА
NATIONAL QUIZ COMPETITION
OF PERSONS WITH PHYSICAL DISABILITIES OF MACEDONIA



МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА


МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА
XVII